# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 19 Год. LXII Среда, 15 февруари 2006 Цена на овој број е 350 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 253. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавните собири.......................... | 2 |
| 254. | **Одлука** за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2006 година.............................. | 3 |
| 255. | **Одлука** за давање согласност на Договор за давање на трајно користење на движни ствари................................. | 3 |
| 256. | **Одлука** за престанување и давање на користење на недвижна ствар............. | 3 |
| 257. | **Одлука** за давање концесија за експлатација на минералната суровина - варовник на „Победа“ ДООЕЛ с. Ботун - Охрид на локалитетот „Црвена вода“ општина Белчишта................................... | 4 |
| 258. | **Одлука** за изменување на Одлуката за престанок и давање на користење на недвижни ствари.............................. | 4 |
| 259. | **Програма** за рурален развој...................... | 4 |
| 260. | **Упатство** за начинот на работа и одлучување на Главниот штаб за заштита и спасување....................................... | 5 |
| 261. | **Лиценца** за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб | 6 |
| 262. | **Правилник** за начинот и постапката на утврдување, пресметување и уплатување на надоместоците, начинот и постапката за водење и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок; содржината, начинот на водење на евиденцијата на обврзниците и начинот на доставување на податоците за водење на евиденцијата.................. | 6 |
| 263. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистри на установи за деца................................................ | 9 |
| | **Дирекција за заштита и спасување** | |
| 39. | **Правилник** за правилата за вршење на службата, како и минималните критериуми за сместување, техничката опрема и средствата за гаснење на пожари со кои треба да располагаат противпожарните единици............... | 42 |
| 40. | **Правилник** за видот и изгледот на униформата, видот на заштитната опрема и начинот на проверка и испитување на нејзината исправност.......... | 47 |
| 41. | **Правилник** за начинот, постапката и роковите во кои треба да се изврши испитување на противпожарната опрема во противпожарните единици | 50 |
| 42. | **Правилник** за начинот на спроведување на обука на сезонските пожарникари | 52 |
| 43. | **Упатство** за начинот на работа и одлучување на регионалните штабови за заштита и спасување............................ | 54 |
| | **Агенција за државни службеници** | |
| 44. | **Правилник** за начинот и постапката за оценување на државните службеници, содржината на извештаите и образецот за оценување........................ | 55 |
| | **Огласен дел.......................................** | **1-60** |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**253.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2006 година.

Број 07-675/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Член 1

Во Законот за јавните собири ("Службен весник на Република Македонија" број 55/95), по членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

"Член 1-а

Правото на граѓаните на мирно собирање може да се оствари на начин со кој мирно ќе го изразуваат јавниот протест и притоа нема да се ограничува правото на граѓаните кои не учествуваат во јавниот собир на слободно движење и другите права утврдени со Уставот на Република Македонија."

Член 2

Во членот 2 став 1 по зборот "собири" се додаваат зборовите: "на повеќе од 20 граѓани".

Член 3

По членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

"Член 2-а

Јавен собир заради мирно изразување на мислење или протест може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена, освен:

- до здравствени установи, на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош и го нарушува мирот на болните,
- до детски градинки и училишта додека децата престојуваат во нив и
- на автопатишта и магистрални патишта, на начин со кој се загрозува патниот сообраќај."

Член 4

Во членот 3 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Известувањето за јавен собир од ставот 1 на овој член се поднесува во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје се одржува јавниот собир најдоцна 48 часа пред почетокот на одржувањето на јавниот собир."

Ставот 2 станува став 3.

Член 5

Во членот 5 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "како и алкохолни пијалаци и опојни дроги".

Член 6

Во членот 9 став 1 зборовите: "од четири до дваесет плати" се заменуваат со зборовите: "од 50.000 до 200.000 денари".

Во ставот 2 зборовите: "од една до две ипол плати" се заменуваат со зборовите: "од 10.000 до 30.000 денари".

Член 7

Во членот 10 став 1 зборовите: "од една петтина до една половина од плата" се заменуваат со зборовите: "од 10.000 до 30.000 денари", а во точката 3 по зборот "собир" се додаваат зборовите: "како и алкохолни пијалаци и опојни дроги".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

### LIGJ
### PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TUBIMET PUBLIKE

Neni 1

Në Ligjin për tubimet publike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 55/95), pas nenit 1 shtohet neni i ri 1-a, si vijon:

"Neni 1-a

E drejta e qytetarëve për tubim të qetë mund të realizohet në mënyrë që qetë do ta shprehin protestën publike dhe me këtë rast nuk do të kufizohet e drejta e qytetarëve, të cilët nuk marrin pjesë në tubimin publik, për lëvizje të lirë dhe të drejtat tjera të përcaktuara me Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë."

Neni 2

Në nenin 2 paragrafi 1 pas fjalës "tubime" shtohen fjalët: "të më shumë se 20 qytetarëve".

Neni 3

Pas nenit 2 shtohet neni i ri 2-a, si vijon:

"Neni 2-a

Tubim publik për shkak të shprehjes së qetë të mendimit ose protestës mund të mbahet në çdo vend që është përkatës për këtë qëllim, përveç:

- pranë enteve shëndetësore, në mënyrën që do ta pengojë hyrje-daljen e automjeteve të ndihmës së shpejtë dhe prishë qetësinë e të sëmurëve,
- pranë kopshteve për fëmijë dhe shkollave derisa fëmijët qëndrojnë në to, dhe
- në autostradat dhe rrugët magjistrale, në mënyrën me të cilën rrezikohet komunikacioni rrugor."

Neni 4

Në nenin 3 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Lajmërimi për tubimin publik nga paragrafi 1 të këtij neni i paraqitet njësisë rajonale të Ministrisë së Punëve të Brendshme në rajonin e së cilës mbahet tubimi publik, më së voni 48 orë para fillimit të mbajtjes së tubimit publik."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Neni 5

Në nenin 5 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "si dhe pije alkoolike dhe droga narkotike".

Neni 6

Në nenin 9 paragrafi 1 fjalët: "prej katër deri më njëzet rroga" zëvendësohen me fjalët: "prej 50. 000 deri më 200. 000 denarë."

Në paragrafin 2 fjalët: “prej një deri më dy rroga e gjysmë” zëvendësohen me fjalët: ”prej 10. 000 deri më 30. 000 denarë”.

Neni 7

Në nenin 10 paragrafi 1 fjalët: “prej një të pestës deri në një gjysmë rroge” zëvendësohen me fjalët: “prej 10. 000 deri më 30. 000 denarë”, kurse në pikën 3 pas fjalës “tubim” shtohen fjalët: “si dhe pije alkoolike dhe droga narkotike”.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**254.**

Врз основа на член 4 од Законот за игри на среќа и за забавни игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ОД ЗАБАВНИ ИГРИ ВО 2006 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средства во износ од 75.000.000 денари од приходите од игри на среќа и забавни игри за 2006 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распоредуваат:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | За финансирање на годишните програми и задачи на здруженијата на граѓани кои работат на заштита на хендикепираните лица, согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој | 50.143.000 |
| | - за активности на Национално координативно тело предвидено со стандардни правила за изедначување на можностите за хендикепирани лица, формирано согласно Резолуцијата 48/49 на ООН | 1.072.000 |
| 2. | На Агенцијата за млади и спорт за финансирање на | 17.464.000 |
| | - Масовен спорт | 4.928.000 |
| | - Врвен спорт | 12.536.000 |
| 3. | На Црвен крст на Република Македонија | |
| | - За финансирање на програмски цели | 6.321.000 |

Член 3

За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за финансии.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-426/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**255.**

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

Со оваа одлука, Владата на Република Македонија дава согласност на Договорот за давање на трајно користење на движни ствари меѓу Министерството за одбрана и Казнено-поправната установа - Затвор Штип со отворено одделение во Струмица.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-697/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**256.**

рз основа на член 20 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

На досегашниот корисник Претпријатието за прикажување на филмови „Партизан“ – Битола му престанува користењето на недвижната ствар – објект, евидентиран во Поседовен лист бр.393, којшто се наоѓа на К.П.бр.6597, К.О.Битола и тоа: под објект со вкупна површина од 960 $м^2$ и двор со вкупна површина од 574 $м^2$, на адреса: „Борис Кидрич“ бр.29-Битола, имот во сопственост на Република Македонија.

Недвижната ствар од став 1 на овој член се дава на користење на Национална установа - Народен театар - Битола, единка корисник на Буџетот на Република Македонија.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на користење без надоместок.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу досегашниот корисник – Претпријатието за прикажување на филмови „Партизан“-Битола и новиот корисник Национална установа – Народен театар – Битола.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-495/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**257.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/02 и 24/03) и член 86 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА - ВАРОВНИК НА "ПОБЕДА" ДООЕЛ С. БОТУН-ОХРИД НА ЛОКАЛИТЕТОТ "ЦРВЕНА ВОДА" ОПШТИНА БЕЛЧИШТА

1. На "ПОБЕДА" ДООЕЛ с. Бутон - Охрид, се дава концесија за експлоатација на минералната суровина - варовник на локалитетот "Црвена вода" општина Белчишта, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава и тоа:

| Точка | Координата X | Координата Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.574.580,00 | 7.482.490,00 |
| Т-2 | 4.574.580,00 | 7.482.290,00 |
| Т-3 | 4.574.380,00 | 7.482.290,00 |
| Т-4 | 4.574.380,00 | 7.482.490,00 |

Површината на просторот на експлоатационото поле од точка 1 на оваа одлука изнесува Р=0,04 км$^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определи во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 100/05).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. За површината од точка 1 од оваа одлука ЈП "Македонски шуми" треба благовремено да изврши сеча на шумата, а истовремено "ПОБЕДА" ДООЕЛ с. Ботун, Охрид на локалитетот "Црвена вода" општина Белчишта, треба да изврши пошумување на соодветна површина која ќе ја определи ЈП "Македонски шуми".

6. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-428/1 Претседател на Владата
9 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**258.**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

Во Одлуката за престанок и давање на користење на недвижни ствари, бр.19-4759/1 од 15.12.2005 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 112/05), во членот 1 став 1 алинејата 41 која гласи: „- Центар за обука Пониква Осогово 6 објекта, со вкупна површина од 1.470м$^2$" се брише.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-720/1 Претседател на Владата
9 февруари 2006 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**259.**

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

I

Средствата за Програмата за рурален развој во 2006 година во износ од 45.000.000,00 денари, обезбедени согласно раздел 14001, програма Б, подпрограма БВ, категорија 48, ставка 489, од Буџетот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.120/05), ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Инвестиции во земјоделски стопанства | 44.000.000,00 |
| 2. | Материјални трошоци за спроведување на програмата | 1.000.000,00 |
| | Вкупно: | 45.000.000,00 |

II

Средствата од дел I точка 1 на оваа програма во износ од 44.000.000,00 денари ќе се користат за следните мерки:

а) За правни лица регистрирани според Законот за трговски друштва:

| | Инвестиции за опрема во: | Вкупна вредност на опремата | Износ |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Растително производство | од 300.000,00 до 1.000.000,00 ден | 3.000.000,00ден |
| 1.2 | Сточарско производство | од 300.000,00 до 1.000.000,00 ден | 4.000.000,00ден |
| 1.3 | Доработка и чување на примарни земјоделски производи | од 300.000,00 до 1.000.000,00 ден | 7.000.000,00ден |
| | Вкупно: | | 14.000.000,00ден |

б) За физички лица регистрирани според Законот за вршење земјоделска дејност:

| | Инвестиции за опрема во: | Вкупна вредност на опремата | Износ |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Растително производство | од 50.000,00 до 500.000,00 ден | 6.000.000,00ден |
| 1.2 | Сточарско производство | од 50.000,00 до 500.000,00 ден | 10.000.000,00ден |
| 1.3 | Доработка и чување на примарни земјоделски производи | од 50.000,00 до 500.000,00 ден | 14.000.000,00ден |
| | Вкупно: | | 30.000.000,00ден |

III

Средствата од дел I точка 2 на оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари ќе се користат за материјални трошоци за спроведување на оваа програма.

IV

1. Исплатата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство врз основа на поднесени барања до министерството најдоцна до 31.05.2006 година.

2. Барање за дел II од оваа програма може да поднесат правни лица регистрирани според Законот за трговски друштва, на кои основна дејност им е земјоделско производство и физички лица регистрирани според Законот за вршење земјоделска дејност.

3. Барање не може да поднесат правни лица кои се во процес на ликвидација или под стечајна постапка.

4. Секој барател може да достави само едно барање во оригинален примерок кое треба да биде заверено и потпишано од страна на одговорното лице на барателот.

5. Некомплетните барања и барањата доставени по утврдениот рок нема да се разгледуваат.

V

Средствата во висина од 50% од вкупната вредност на опремата ќе бидат исплатени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по купувањe на истата.

VI

1. Доколку дојде до извршување на некои мерки предвидени со оваа програма во поголем обем, а друга биде нецелосно реализирана, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно расположливите средства по оваа програма врши соодветна пренамена по мерки.

2. Правата и обврските на корисниците на средствата по оваа програма се регулираат со договор што ќе го склучи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение поблиску ќе го определи начинот и условите за остварување на правото на користење на средствата од Програмата за рурален развој.

4. Надзор над наменското користење на средствата од страна на корисниците врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

VII

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

VIII

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-667/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**260.**

Врз основа на член 25 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04 и 49/04), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.02.2006 година, донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА ГЛАВНИОТ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Со ова упатство се утврдува начинот на работа и одлучувањето на Главниот штаб за заштита и спасување (во натамошниот текст: Штаб).

Член 2

Работите на заштитата и спасувањето Штабот ги врши преку командантот и началникот на Штабот или оперативните групи.

При работата на заштита и спасување, командантот одлучува во кој состав на Штабот ќе донесува одлуки (цел состав, дел од Штабот или сам во соработка со началникот на Штабот).

Член 3

Заради извршување на мобилизациско-оперативни задачи, како и за спроведување на други неопходни мерки за заштита и спасување, Штабот се активира и непрекинато работи се додека траат причините кои довеле до ваков начин на работа.

По активирањето на Штабот, тој ги разгледува прашањата и донесува мерки и презема конкретни активности за решавање на настанатата состојба.

Утврдените мерки и активности од одлуките на Штабот, командантот на Штабот ги преточува во наредби со кои се овозможува брзо ангажирање на силите и средствата за отстранување на последиците кои настанале.

Донесените одлуки од Штабот преку наредби се реализираат преку командите и командирите на единиците за заштита и спасување.

Член 4

Штабот разгледува и решава по прашања кои произлегуваат од практиката, настаната состојба како и доставени предлози од други органи и тела.

Член 5

Штабот работи во цел состав, со учество на дел од членовите на Штабот и со учество на други стручни лица- експерти по прашања од интерес на заштитата и спасувањето.

За одредени прашања кои ги разгледува Штабот, командантот може да побара дополнителна документација или појаснувања и мислења од органите и телата од членот 4 на ова упатство.

Член 6

Во претресот може да учествуваат сите поканети субјетки, а за одредени мислења дадени од страна на поканетите во претресот, Командантот на Штабот може да побара и во писмена форма да го приложат.

Член 7

По завршувањето на претресот за секое прашање, Штабот усвојува заклучоци кои се реализираат со одлуки и наредби.

Член 8

За работата на Штабот Командантот ја известува јавноста.

Командантот одлучува за кои материјали и податоци може да се извести јавноста.

Член 9

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-391/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**261.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.02.2006 година, издаде

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ**

1. Лиценца за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб се издава на Друштвото за туризам, угостителство и услуги МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје, за време од 6 (шест) години.

2. Приредување на посебните игри на среќа во автомат клуб ќе се врши во автомат клубот што се наоѓа на ул. "Маршал Тито" бр. 61 во Битола.

3. Во автомат клубот, корисникот на Лиценцата за приредување на посебните игри на среќа, ќе постави 18 автомати за игри на среќа и еден електронски рулет.

4. Корисникот на Лиценцата е должен да плати надоместок за Лиценцата кој изнесува 52.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплата и тоа:

- 50% од износот, 26.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија да уплати на денот на доделувањето на Лиценцата и

- остатокот од 50% во еднакви годишни рати, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае Лиценцата, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од алинеја 1 и 2 на оваа точка се врши во Буџетот на Република Македонија на трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка број 840-62207, приходно конто 718113, програма 00 и банка на примачот: Народна банка на Република Македонија.

Потврдата за уплатениот износ од алинеја 1 на оваа точка корисниот на Лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на Лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, алинеја 2 на оваа точка.

5. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

6. Доколку од страна на корисникот на Лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на Лиценцата од точка 4, алинеја 1 и 2, Лиценцата се одзема.

7. Корисникот на Лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена Лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот дел од надоместокот за плаќање на Лиценцата утврден во точка 4, алинеја 1.

8. Оваа лиценца се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-493/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**262.**

Врз основа на член 32-в, став 1 и 4 и член 32-г, став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 111/05), министерот за здравство во согласност со министерот за финансии, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА УТВРДУВАЊЕ, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ; НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТАНИОТ И УПЛАТЕНИОТ НАДОМЕСТОК; СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ОБВРЗНИЦИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и постапката за утврдување, пресметување и уплатување на надоместоците што ги плаќаат правните лица кои произведуваат тутунски производи кои содржат штетни материи по здравјето на населението, начинот и постапката за водење и чување на евиденцијата за пресметаниот и уплатениот надоместок и содржината, начинот на водење на евиденцијата на обврзниците, како и начинот на доставување на податоците за водење на евиденцијата.

Член 2

Обврзникот за плаќање на надоместокот - производител на тутунски производи (во натамошниот текст: обврзникот) ја пријавува обврската со Пријава за надоместок за тутунски производи (Образец ПНЗЗ) која е составен дел на овој правилник.

Пријавата од став 1 на овој член ја поднесува обврзникот во рок од 15 дена по истек на секој календарски месец во кој се пуштени тутунските производи во слободен промет.

Обврзникот го уплатува надоместокот на уплатната сметка пропишана во Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2006).

Член 3

Обврзникот води, одржува и чува уредна и точна евиденција за видовите на тутунски производи, количина за која е пресметан надоместок, количина ослободена од надоместок и уплатениот надоместок.

Обврзникот ги чува сите документи, информации и податоци согласно прописите за даночна постапка.

Член 4

Евиденција на обврзниците се води во Управата за јавни приходи според доставените пријави за овој надоместок и според добиените податоци за уплатениот надоместок.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Министер за здравство,
д-р **Владо Димов**, с.р.

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

Бр. 13-1540/1
09 февруари 2006 година
Скопје

Бр. 10-4206/1
03 февруари 2006 година
Скопје

ПНЗЗ

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за јавни приходи

## ПРИЈАВА ЗА НАДОМЕСТОК ЗА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Датум и број на прием

период

Рок на поднесување

Исправка на пријава

| Ред. бр. | Вид на тутунски производи | | Количина | Вкупен надоместок | Количина ослободена од надоместок |
|---|---|---|---|---|---|
| [1] | [2] | | [3] | [4] | [5] |
| 1 | Цигари што содржи тутун | 01 | | | |
| 2 | Пури и пурицигарилоси | 02 | | | |
| 3 | Тутун за цвакање | 03 | | | |
| 4 | Тутун за виткање | 04 | | | |
| 5 | Тутун за луле | 05 | | | |
| 6 | Вкупен надоместок | | | | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВА

Изјавувам под полна материјална и кривична одговорност дека податоците се точни и вистинити

Потписник

Својство

Потпис и печат

Датум на поднесување

Податоци за обработката

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Обврзник на надоместокот - производител на тутунски производи е должен да поднесе пријава за надоместок за тутунски производи образец - ПНЗЗ во рок од 15 дена по истек на секој календарски месец во кој се пуштени тутунските производи во слободен правен промет.

Обврзникот на надоместокот - производител на тутунски производи е должен да поднесе пријава образец-ПНЗЗ во овој рок и тогаш кога не настанала обврска за плаќање на надоместок.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Се пополнуваат читливо и целосно само белите полиња од образецот - "ПНЗЗ"

Износите се искажуваат во цели денари без дени.

Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: единствениот даночен број, скратениот назив и адресата на вистинското седиште за контакт и период за кој се поднесува пријавата.

Доколку не е потребно да се пополни одредено поле, истото се остава празно. Доколку нема пополнување во ниедно поле, во колоната 4, под реден број 6 се впишува 0.

**колона 3 Количина**

Се внесуваат количините на тутунски производи по видови за кои согласно Законот за здравствена заштита се плаќа надоместок.

За цигари што содржат тутун и за пури и цигарилоси количината се искажува по парче.

За тутун за цвакање,тутун за виткање и тутун за луле количината се искажува по пакување.

**колона 4 Вкупен надоместок**

Се внесува вкупно пресметаниот надоместок по поодделните видови тутунски производи наведени под редните броеви од **1 - 5**, а под реден број 6 се внесува вкупно пресметаниот надоместок за сите видови тутунски производи.

**колона 5 Количина ослободена од надоместок**

Се внесуваат количините на тутунски производи поодделно наведени по видови под редните броеви од 1 до 5, ослободени од надоместок (извоз, уништување под даночен надзор, докажливо неупотребливи)

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

Пријава за надоместок ја потпишува своерачно обврзникот за плаќање на надоместок.

**Подетални информации во врска со начинот на пополнување на пресметката може да добиете во регионалните дирекции на УЈП и на WEB страницата на Управата за јавни приходи www.ujp.gov.mk**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**263.**

Врз основа на член 73 став 9 од Законот за заштита на децата ( " Службен весник на Република Македонија" бр. 98/00, 17/03 ,65/04 и 113/05), министерот за труд и социјална политика, донесува

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТРИ НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистри на установи за деца и тоа: централен регистар на установи за деца, регистар за јавните установи за деца основани од општината и општината во Градот Скопје и регистар за јавните установи за деца основани од општината и Градот Скопје ( во натамошниот текст: регистри).

Член 2

Централниот регистар на установи за деца, Регистарот за јавните установи за деца-детски градинки основани од општината и општината во Градот Скопје и Регистарот за јавните установи за деца - детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје се водат во форма на книга со димензии 50 x 30 см.

Централниот регистар на установи за деца се води според Образец бр. 1.

Регистарот за јавните установи за деца – детски градинки основани од општината и општината во Градот Скопје се води според Образец бр. 2.

Регистарот за јавните установи за деца - детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје се води според Образец бр.3.

Книгата е укоричена со корица од тврда хартија во сина боја. Книгата ја сочинуваат листови кои се нумерирани. Листовите на книгата се сврзани со конец.

Регистрите се оверуваат на внатрешната страна од задната корица.

Обрасците од став 2, 3 и 4 на овој член се составен дел на овој правилник.

Член 3

На предната страна на корицата на книгата на Централниот регистар на установи за деца во левиот горен агол е отпечатен текст со бели букви: "Република Македонија", под него централно поставено: "Министерство за труд и социјална политика", а под тоа: "-Сектор за заштита на децата-".

Во средината на предната страна на корицата на книгата е отпечатен текст " ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА".

Страницата на книгата на Централниот регистар на установи за деца содржи регистарски број и рубрики, во кои се впишуваат податоци за: основачот на установата, општи податоци за установата, општи податоци за организациониот облик-објект и податоци за кадарот.

Член 4

На предната страна на корицата на книгата на Регистарот за јавните установи за деца – детски градинки основани од општината и општината во Градот Скопје во левиот горен агол е отпечатен текст со бели букви: "Република Македонија ", под него централно поставено: " Општина ________________.

Во средината на предната страна на корицата на книгата е отпечатен текст "РЕГИСТАР", а под него централно поставено: "за јавните установи за деца – детски градинки основани од општината и општината во Градот Скопје".

Страницата на книгата на Регистарот за јавните установи за деца – детски градинки основани од општината и општината во Градот Скопје содржи регистарски број и рубрики, во кои се впишуваат податоци за: основачот на установата, општи податоци за установата, општи податоци за организациониот облик-објект и податоци за кадарот.

Член 5

На предната страна на корицата на книгата на Регистарот за јавните установи за деца – детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје во левиот горен агол е отпечатен текст со бели букви: "Република Македонија", под него централно поставено: "Општина ________________/ Град Скопје" .

Во средината на предната страна на корицата на книгата е отпечатен текст "РЕГИСТАР", а под него централно поставено: "за јавните установи за деца – детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје".

Страницата на книгата на Регистарот за јавните установи за деца – детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје содржи регистарски број рубрики, во кои се впишуваат податоци за: основачот на установата, општи податоци за установата, општи податоци за организациониот облик-објект и податоци за кадарот.

Член 6

Запишувањето во регистрите се врши со темно сино мастило.

На еден лист од регистарот се внесуваат податоци само за една установа.

Кога регистарскиот лист ќе се исполни до крајот, за наредните запишувања се користи нов регистарски лист кој се води под ист регистарски број.

Член 7

Централниот регистар на установи за деца, Регистарот за јавните установи за деца-детски градинки основани од општината и општината во Градот Скопје и Регистарот за јавните установи за деца - детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје може да се водат и во електронска форма.

Член 8

Запишувањето во регистар се врши врз основа на поднесена писмена пријава според Образец бр.4, Образец бр.5, Образец бр.6, Образец бр.7, Образец бр.8 и Образец бр.9 во зависност од видот на уписот на установата во соодветен регистар.

Обрасците од став 1 на овој член се составен дел на овој правилник.

Кон пријавата се приложува доказ за потврдување на наводите (основачки акт и др. докази) во заверен препис.

Член 9

Бришењето во регистар при рачно водење на истиот се врши на тој начин што со црвено мастило се прецртува со права линија секој ред од запишувањето, а на крајот се наведува дека установата за деца е избришана од регистарот и се наведува основот врз основа на кој е извршено бришењето.

Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија и над неа се внесува точен текст. Исправката се врши со црвено мастило.

Секое запишување во регистарот се потпишува од службеното лице што го води регистарот.

Член 10

Пријава за упис во регистарот се поднесува и за промени што настанале во установата (менување на статусот, називот, седиштето и др.).

Врз основа на пријавата, запишувањето на настанатата промена се врши во соодветна рубрика од регистарот.

Член 11

Пријавата за настанатата промена, јавната установа за деца ја доставува до општината, општината во Градот Скопје, односно Градот Скопје, а јавна установа основана од Владата на Република Македонија и приватна установа до Министерството за труд и социјална политика најдоцна 15 дена од настанатата промена.

Општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје до Министерството за труд и социјална политика најдоцна 15 дена од денот на уписот на настанатата промена доставуваат пријава со податоци за извршената промена внесени во соодветен регистар.

Промените од став 1 и 2 на овој член се поднесуваат на соодветен образец од член 8 став 1, на овој правилник со потполнување на рубриката на која се однесува промената.

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-3-16/2
18 јануари 2006 година
Скопје

Министер,
**Стевчо Јакимовски,** с.р.

Образец бр.1

**Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**
-Сектор за заштита на децата -

# ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА

РЕГ.БР.______

| | | | | | | | **Податоци за основачот на установата** | | | **Општи податоци за установата** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дата на запишување во регистар | Број и дата на решение за вршење на дејноста | Број и дата на решението за упис во судски регистар/Централен регистар | Број и дата на запишување во општински регистар/регистар на Град Скопје | Назив на установата за деца | Седиште на установата во општината, односно во Град Скопје | Вид на дејност | Назив на основачот | Седиште на основачот - Општина/Град | Број и дата на актот за основање | Проектиран капацитет | Вкупна покриена површина (м2) | Вкупна дворна површина (м2) | Вкупен број на занимални/простории за одмор | Друг простор | Број на групи | Број на деца | Број на вработени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 19 | Назив | Општи податоци за организационен облик-објект |
| | 20 | Проектиран капацитет | |
| | 21 | Вкупна покриена површина (м2) | |
| | 22 | Вкупна дворна површина (м2) | |
| | 23 | Вкупен број на занимални/прост. за одмор | |
| | 24 | Друг простор | |
| | 25 | Број на групи | |
| | 26 | Број на деца | |
| | 27 | Број на вработени | |
| | 28 | Други просторни услови (назив и место) | |
| | 29 | Вршење на дејност во домашни услови (Име, презиме и адреса) | |
| | 30 | Назив на програми и проекти | |
| | 31 | ЕДБ | |
| | 32 | ЕМБС | |
| | 33 | Статусни промени | |
| | 34 | Број и дата на решението за бришење од регистарот | |
| | 35 | Згрижувачко воспитен | Податоци за кадар |
| | 36 | Воспитно образовен | |
| | 37 | Стручни работници и соработници | |
| | 38 | Административно финанс. | |
| | 39 | Готварски кадар | |
| | 40 | Друг кадар | |
| | 41 | Потпис на службено лице | |
| | 42 | ЗАБЕЛЕШКА | |

**Република Македонија** **Образец бр.2**

**Општина ______________**

# РЕГИСТАР
## за јавните установи за деца - детски градинки основани од општината и општината во Градот Скопје

РЕГ.БР_______

| | | | | | | Податоци за основачот на установата | | | Општи податоци за установата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дата на запишување во регистар | Број и дата на решение за вршење на дејноста | Број и дата на решението за упис во судски регистар/Централен регистар | Назив на установата за деца | Седиште и општина | Вид на дејност | Број и дата на актот за основање | Орган | Општина | Проектиран капацитет | Вкупна покриена површина(м2) | Вкупна дворна површина (м2) | Вкупен број на занимални | Друг простор | Број на групи | Број на деца | Број на вработени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Општи податоци за организациона облик-објект | 18 | Назив | |
| | 19 | Проектиран капацитет | |
| | 20 | Вкупна покриена површина(м2) | |
| | 21 | Вкупна дворна површина (м2) | |
| | 22 | Вкупен број на занимални | |
| | 23 | Друг простор | |
| | 24 | Број на групи | |
| | 25 | Број на деца | |
| | 26 | Број на вработени | |
| Други просторни услови (назив и место) | 27 | | |
| Вршење на дејност во домашни услови (Име, презиме и адреса) | 28 | | |
| Назив на програми и проекти | 29 | | |
| ЕМБС | 30 | | |
| ЕДБ | 31 | | |
| Статусни промени | 32 | | |
| Број и дата на решението за бришење од регистарот | 33 | | |
| Податоци за кадар | 34 | Згрижувачко воспитен | |
| | 35 | Воспитно образовен | |
| | 36 | Стручни работници и соработ. | |
| | 37 | Административно финан. кадар | |
| | 38 | Готварски кадар | |
| | 39 | Друг кадар | |
| Потпис на службено лице | 40 | | |
| ЗАБЕЛЕШКА | 41 | | |

**Република Македонија**

**Образец бр.3**

**Општина _____________/ Град Скопје**

# РЕГИСТАР

**за јавните установи за деца - детски одморалишта основани од општината и Градот Скопје**

РЕГ.БР____________

| Дата на запишување во регистар | Број и дата на решение за вршење на дејноста | Број и дата на решението за упис во судски регистар/Централен регистар | Назив на установата за деца | Седиште и општина | Вд на дејност | Податоци за основачот на установата | | | Општи податоци за установата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Број и дата на актот за основање | Орган | Општина/Град Скопје | Проектиран капацитет | Вкупна покриена површина (м2) | Вкупна дворна површина(м2) | Вкупен број простории за одмор | Друг простор | Број на вработени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| | | | | | | | | | | | | | | |

| Општи податоци за организационен облик-објект | | | | | | | | | | | Податоци за кадар | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Назив | Проектиран капацитет | Вкупна покриена површина (м2) | Вкупна дворна површина (м2) | Вкупен број простории за одмор | Друг простор | Број на вработени | Назив на програми и проекти | ЕМБС | ЕДБ | Статусни промени | Број и дата на решението за бришење од регистарот | Стручни работници и соработници | Административно финансиски кадар | Готварски кадар | Друг кадар | Потпис на службеното лице | Забелешка |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Образец бр.4**

______________________________

(назив на јавна установа)

______________________________

(седиште)

______________________________

(дата)

ДО

ОПШТИНА ________________

**П Р И Ј А В А**

**За запишување на јавна установа за деца - детска градинка во Регистарот за јавните установи за деца - детски градинки основани од општината и општината во Градот Скопје**

1.Назив на јавната установа ________________________________________

2. Адреса

________________________________________ Општина ________________

(место, улица и број)

3. ЕМБС ______________________

4. ЕДБ ______________________

5.Број и дата на решението за вршење на дејност______________________

6.Број и дата на решението за упис во судтски регистар /Централен регистар

________________________________________________

7. Основач на јавната установа

- Назив на основачот_______________________________________
- Седиште ___________________________________________________
- Број и дата на актот за основање ______________________________

---

8.Вид на дејност на установата

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
Наредбите на лицето кое раководи со гаснењето на пожарот издадени на граѓани,трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби се однесуваат на превземање на одредени мерки и дејствија или на воздржувањето од одредени активности од кои непосредно зависи извршувањето на задачите и тоа само за време кое е неопходно тие задачи да се извршат.

Лицата кои живеат во непосредна близина на местото на пожарот и лицата кои ќе се затекнат на местото на пожарот, како и трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби, по наредба на лицето кое раководи со гаснењето на пожарот учествуваат во гаснењето на пожарот и спасувањето на луѓето и имотот, како и да стават на располагање на противпожарната единица: алат, превозни и други средства за гаснење на пожарот и за спасување на луѓето и имотот.

Во трговски друштва,јавни претпријатија, установи и служби, наредба се издава на одговорното лице или лицето кое го заменува.

Ако лицата од став 3 на овој член не се присутни наредбата се издава на лицето кое ќе се затекне во просториите на трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Наредбата се издава непосредно и усно, а по потреба писмено или преку средствата за јавно информирање.

**11. Забрана за пристап и движење на одреден простор или објект**

Член 35

Забраната на пристап и движење на неповикани лица на местото на пожарот како и забраната на сообраќајот заради непречен пристап на протипожарните возила и други средства за гаснење на пожари, се врши за времето што ќе го нареди лицето кое раководи со гаснењето на пожарот и се спроведува од страна на полицијата.

**12. Евакуација на луѓето и имотот**

Член 36

Лицето кое раководи со гаснењето на пожарот, ќе нареди евакуација на лица и отстранување на предметите од соседните објекти што се загрозени од пожар, отстранување на материјали што би можеле да бидат зафатени со пожарот и уривање на објект, односно отстранување на постројка, уред и слично што би можел да го пренесе пожарот врз други објекти, доколку ширењето на пожарот не може да се спречи на друг начин, како и да превземе мерки за обезбедување на отстранетите предмети и материјали од кражба или незаконито присвојување на евакуираниот имот.

Член 37

Лицето кое раководи со гаснењето на пожарот се грижи да не се растураат, изнесуваат и земаат предмети и материјали од местото на пожарот од страна на неповикани лица или пожарникарите на противпожарната единица односно лицата кои учествуваат во гаснењето на пожарот.

Пронајдените пари, хартии од вредност и други скапоцености од страна на лицето кое раководи со гаснењето на пожарот со потврда се предават на најблиската полициска станица.

**13. Обезбедување на извори за вода и снабдување со вода**

Член 38

Лицето кое раководи со гаснењето на пожарот во местото каде се појавил пожарот или во целата населба ќе го ограничи делумно или целосно доводот на вода на другите потрошувачи заради обезбедување на потребна количина на вода за гаснење на пожарот.

Заради ефикасно гаснење на пожарот, пожарникарите на противпожарната единица користат вода од соседните бунари, цистерни, резервоари, канали и слично кои им припаѓаат на граѓани, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби, а истите се во близина на местото на пожарот.

**14. Прекин на довод на електрична енергија, гас, нафта или други запаливи течности**

Член 39

Лицето кое раководи со гаснењето на пожар ќе нареди да се прекине доводот на електрична енергија, гас, нафта или други запаливи течности заради спречување, ширење на пожар и појава на експлозија.

**15. Влегување односно отварање на заклучени објекти и простории**

Член 40

Пожарникарите на противпожарните единици влегуваат односно насилно отвараат заклучени објекти или простории, по наредба на лицето кое раководи со гаснењето на пожарот, заради гаснењето на пожарот и спасувањето на луѓето и имотот и тоа:

1. ако во станот или просторијата настане експлозија или пожар при што се доведени во опасност животот на луѓето и имотот и

2. ако се укаже потреба од отстранување на непосредна опасност од пожар или експлозија по животот на луѓето и имотот.

Член 41

Пожарникарите на противпожарните единици кои влегуваат во присилно отворен објект или просторија се задржуваат во истите само за времето додека постојат причините за влегувањето во објектот или просторијата.

При насилно влегување во заклучениот објект или просторија се одбегнува непотребното оштетување.

**16. Отстранување на паркирани возила и предмети**

Член 42

Лицето кое раководи со гаснењето на пожарот ќе нареди отстранување на паркирани возила и предметите кои се наоѓаат на местото на пожарот и истите претставуваат пречка за непречен пристап на противпожарните возила и другите средства за гаснење на пожарот.

Отстранувањето на возилата и предметите од став 1 на овој член се врши со повикување на сопствениците односно корисниците на истите, соодветните служби кои вршат отстранување на возилата и предметите или отстранувањето го вршат самите пожарникари на противпожарните единици.

При отстранувањето на паркираните возила и предметите се избегнува непотребното оштетување.

**17. Употреба на туѓо сообраќајно средство и средство за врски**

Член 43

За превоз до здравствената установа на лица настрадани од пожар и за доопремување на средства за гаснење на пожар, лицето кое раководи со гаснењето на пожарот ќе нареди користење на сообраќајни средства на државни органи, трговски друштва, правни лица, или граѓани ако на местото на пожарот нема возила за доопремување на средствата за гаснење на пожар и возила за прва помош.

Член 44

Пожарникарите на противпожарните единици ќе се послужат со средства за врска на државни органи, трговски друштва, правни лица, или граѓани, во случај на барање на помош за гаснење на пожарот и спасување на луѓето и имотот или за известување на најблиската полициска станица.

Член 45

Кога при гаснењето на пожарот се користат сообраќајни средства на државни органи, трговски друштва, правни лица и граѓани, лицето кое раководи со гаснењето на пожарот на барање на сопственикот на употребеното сообраќајно средство му издава потврда за неговото користење.

**18. Заминување од местото на пожарот**

Член 46

Пожарникарите на противпожарните единици работите на гаснењето и спасувањето на луѓето и имотот ги вршат се додека не се изгасне пожарот односно не се заврши спасувањето.

Противпожарната единица го напушта местото на пожарот кога лицето кое раководи со гаснењето на пожарот тоа ќе го нареди.

Член 47

Ако постои опасност од повторно избувнување на пожарот, лицето кое раководи со гаснењето на пожарот ќе определи противпожарна стража со потребен број на пожарникари, техничка опрема и средства за гаснење на пожар на местото на пожарот.

III. МИНИМАЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ЕДИНИЦИ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ СО КОИ РАСПОЛАГААТ ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ЕДИНИЦИ

**1. Критериуми за сместување на противпожарните единици**

Член 48

Под минимални критериуми за сместување на пожарникарите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожари со кои располагаат противпожарните единици, се подразбира минимумот на објекти (простории) за сместување на противпожарните возила, магацински простор за сместување на техничката опрема и средствата за гаснење на пожари, како и други простории за секојдневни потреби на пожарникарите.

Член 49

Противпожарната единица располага со следните простории: гаражи за сместување на сите возила кои ги поседува единицата, просторија за Командирот натериторијалната противпожарна единица, просторија за Командирот на смена, просторија за дневен престој на пожарникарите, просторија за пасивен одмор на пожарникарите, дежурна просторија за врски, чајна кујна со трпезарија, магацински простор, гардероба за преоблекување на пожарникарите, просторија за чување на лична заштитна опрема, санитарен јазол со бања, работилница со опрема и алат за одржување на противпожарните возила, техничката опрема и противпожарните апарати.

Сите простории во кои е сместена противпожарната единица се опремени со потребниот мебел и уреди според бројот на пожарникарите во единицата.

Член 50

Противпожарните единици располагаат и со кула за изведување на вежби од височина, простор (полигон) за вежбање, сала за вежбање, дигалка или столб за сушење на цревата, подземен хидрант со базен за повлекување на вода со противпожарни возила, со преносни моторни пумпи и електрични пумпи.

**2. Критериуми за техничката опрема и средства за гаснење на пожар со кои треба да располагаат противпожарните единици**

Член 51

Под минимална техничка опрема и средства за гаснење на пожар во смисла на овој правилник се подразбира минимумот на противпожарна техничка опрема и средства за гаснење на пожар со што располага противпожарната единица, наменети за гаснење на пожар и спасување на животот на луѓето и имотот загрозени од пожар и потребната количина на резерви на соодветна техничка опрема и средства за гаснење на пожар.

Член 52

Минимална техничка опрема и средства за гаснење на пожар со кој треба да располагаат противпожарните единици, зависи од степенот на загрозеност од пожар, видот на објектите што се заштитуваат, бројот на пожарникарите во противпожарната единица и планот за заштита и спасување на општината односно на градот Скопје.

Член 53

Противпожарни единици кои во својот состав имаат до 17 пожарникари располагаат со следната техничка опрема:

- едно навално противпожарно возило (комбинирано вода-пена или вода-пена-сув прав);
- една противпожарна цистерна (пратечко возило) со носивост над 7000 литри вода и над 400 литри пенило;
- едно теренско возило (од 5 до 10 седишта);
- едно комби возило или приколка за превоз на моторни и електрични пумпи и друга противпожарна опрема;
- една приколка S-250 кгр;
- една моторна и една електрична пумпа за вода со капацитет над 800 литри во минута со потребна додатна опрема;
- еден агрегат за производство на електрична енергија;
- еден пар рефлектори од 1000 до 1500 вати;
- еден длабокоповлекувач на вода;
- еден чадовлекач;
- три одела за заштита од опасни материи;
- две санитетски носила;
- сандаче за прва помош;
- стартер - исправувач за полнење на акумулатори;
- стабилна радиостаница;
- три преносни радиостаници со полначи на батерии;
- комплет алат за исклучување на електрична енергија;
- отворена, затворена или спирална спусница;
- унакрсно јаже за спасување;
- скали: кукачи, составувачи, растегачи и морнарски;
- еден двоглед;
- два мегафони;
- две моторни пили за дрво;
- една моторна пила за метал;
- две рачни пили за дрво;
- десет секири;
- десет копачи;
- десет лопати;
- десет гребули;
- триесет челични метли;
- десет грбни пумпи (напртњачи) за гаснење пожар;
- еден генератор за лесна пена;
- две млазници за средна пена;
- рачна сирена и ѕвоно за узбунување;
- две мешини (20 до 25 литри) за вода за пиење;

- десет ранци за на терен, десет порции за јадење и десет чутурици за вода.

Секое навално противпожарно возило се опремува со следната против пожарна опрема:

- доводни противпожарни црева со вкупна должина над 8 мерти;
- една всисна корпа од ø 110 мм;
- 5 одводни противпожарни црева од ø 75 мм со спојки;
- 15 одводни противпожарни црева од ø 52 мм со спојки;
- хидрантски продолжеток од ø 110 мм (доколку постои таква хидрантска мрежа);
- хидрантски продолжеток од ø 75 мм;
- хидрантски клуч со четворка;
- 3 универзални клучево за црева;
- 20 држачи на противпожарни црева;
- 20 носачи на противпожарни црева;
- 2 крпачи на противпожарни црева;
- 3 обични млазници со затворач од кои една ø 75 мм и две ø 52 мм;
- по две универзални и комет млазници од ø 52 мм;
- по една монсун и длабинска млазница од ø 52 мм;
- една троделна разделница и една собирница;
- една меѓумешалица за добивање на воздушна пена;
- 4 пара облека за заштита од високи температури;
- 4 изолациони апарати со компримиран воздух и осум односно четири резервни боци во зависност од типот на апаратите;
- 3 рачни противпожарни апарати S-9 кгр;
- 2 рачни противпожарни апарати CO2-5 кгр;
- 2 акумулаторски лампи;
- 7 спасителни јажиња;
- 1 скала кукача;
- 1 скала составувача од три дела;
- 2 редуцир спојки 110/75 и 3 редуцир спојки 75/52;
- 1 штангла за рушење;
- 2 грбни пумпи (напртњачи).

Секоја противпожарна цистерна се опремува со следната противпожарна опрема:

- доводни противпожарни црева со вкупна должина над 8 метри;
- една всисна корпа од 110 мм;
- 3 одводни противпожарни црева од ø 75 мм со спојки;
- 9 одводни противпожарни црева од ø 52 мм со спојки;
- хидрантен продолжеток од ø 75 мм со хидрантски клуч и четворка;
- 3 универзални клучеви за црева;
- 12 држачи на противпожарни црева;
- 12 носачи на противпожарни црева;
- 2 крпачи на противпожарни црева;
- 2 универзални млазници, две комет млазници и една млазница со затворач од 75 мм;
- 2 рачни противпожарни апарати S-9;
- 1 рачен противпожарен апарат CO2-5 кгр;
- 2 акумулаторски ламби;
- 2 редуцир спојки 110/75 мм и три редуцир спојки 75/52 мм.

Теренското противпожарно возило е опремено со следната противпожарна опрема:

- пет челични метли;
- пет грбни пумпи;
- две лопати;
- еден копач;
- еден двоглед;
- еден мегафон;
- една акумулаторска лампа;
- две мешини за вода за пиење.

Покрај противпожарната опрема од овој член сите противпожарни возила се опремени и со следната опрема: колска радиостаница со антена, дигалка, клуч за тркала, два подметачи за тркала (клинови) за под тркала, црево за пумпање гуми, еден пар синџири за снег, копач, лопата, секира, штангла за влечење, две хебли и санитетска торбица со комплет прибор за прва помош.

Член 54

Против пожарната единица која во својот состав има од 18 до 32 пожарникари покрај техничката опрема предвидена во член 53 на овој правилник, на секои осум пожарникари располага со уште едно противпожарно возило (навално или пратечко) со потребната опрема за тоа возило и за секое возило по две преносни радиостаници со полначи за батерии.

Член 55

Против пожарна единица со над 32 пожарникари, покрај техничката опрема од членовите 53 и 54 на овој правилник на секои 12 пожарникари располагаат со уште едно противпожарно возило (навално или пратечко) со потребната опрема за тоа возило.

Противпожарната единица од став 1 располага и со механичка скала на приколка, автомеханичка скала или хидраулична платформа, возило со техничка опрема, возило за гаснење на шумски пожари и возило со сув прав S-2000.

Член 56

Противпожарните единици покрај техничката опрема од членовите 53, 54 и 55 на овој правилник располага и со: товарни возила, командни возила, возило со кран, компресор за полнење на боци од изолациони апарати на компримиран воздух, воздушни перници за подигнување на товар, хидраулични ножици за сечење и раздвојување на метал и друга опрема согласно планот за заштита и спасување на општината, односно на градот Скопје.

Член 57

Поради навремена замена на оштетена и амортизирана противпожарна опрема и средства за гаснење на пожари во противпожарната единица треба да има резерва на противпожарна опрема 20% од опремата која е сместена на возилата и резерва на сув прав S и пенило за најмалку две полнења на возилата и противпожарните апарати.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 58

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на работите, минималната техничка опрема и средства за гаснење на пожари на територијалните и професионалните противпожарни единици ("Службен весник на СРМ" бр.42/87).

Член 59

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-265/1
6 февруари 2006 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за заштита и спасување,
**Киро Атанасов,** с.р.

---

**40.**

Врз основа на член 10 став 3 од Законот за пожарникарството ("Службен весник на Република Македонија" бр.67/04), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ВИДОТ И ИЗГЛЕДОТ НА УНИФОРМАТА, ВИДОТ НА ЗАШТИТНАТА ОПРЕМА И НАЧИНОТ НА ПРОВЕРКА И ИСПИТУВАЊЕ НА НЕЈЗИНАТА ИСПРАВНОСТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот и изгледот на униформата на пожарникарите и противпожарните единици (во натамошен текст: пожарникари), видот на заштитната опрема и начинот на проверка и испитување на нејзината исправност.

Член 2

Пожарникарите имаат зимска униформа и летна униформа.

Пожарникарите за извршување на работните задачи имаат лична и колективна заштитна опрема.

## II. ВИД И ИЗГЛЕД НА УНИФОРМАТА НА ПОЖАРНИКАРИТЕ

### 1. Зимска униформа

Член 3

Зимската униформа на пожарникарите се состои од: капа-беретка, кратка блуза-винdјакна, панталони, кошула со долги ракави, вратоврска, пуловер, ветровка со влошка, длабоки чевли-чизми, зимски чорапи до колeници и ремен за панталони.

Член 4

Деловите на зимската униформа на пожарникарите го имаат следниот крој и боја:

1. Капата – беретка е од чоја со вообичаен крој во темносина боја и на предната страна се носи пожарникарска значка.

2. Кратката блуза – винdјакна е со класичен крој изработена од ткаенина чиј состав е 85% волна и 15% полиестер во темносина боја од внатре поставена со нашиен и превиткано положен околовратник, со вметната лајсна од рендер. Околувратникот на винdјакната за командирскиот кадар е опшиен со испуст од златно-жолта боја, а за останатите пожарникари испуст со пурпурно-црвена боја од 2 мм. Винdјакната однапред се закопчува со патент-затворач кој има преклоп со лајсна. На винdјакната однапред на надворешната страна во висина на градите нашиени се два џеба со капак со ширина од 13-15 см и висина 15-17 см, на средината се со фалта, на горниот дел има капак со должина од 13-15 см и ширина на средината на капакот 6 см, а на краевите 4 см, на средината капакот се запетлува со петлица. Долните џебови се закосени со лајсна, со должина 17,5 см и ширина 4,5 см. Винdјакната на долниот дел завршува со појас со ширина од 5 см кој на страничниот шев има ластик, а појасот завршува со испуст од 5 см за запетлување. На ракавите има манжетни со испуст од 5 см и четири фалти. Винdјакната има нараменици од ист материјал како и винdјакната и се изработени така што на нив може да се навлечат нараменици со ознаки на чиновите. Петлиците на блузата се во форма на крупен штит, конусно испакнат, со релјефно изразена македонска ѕвезда на него. Зраците и дискот на ѕвездата се во сјајна, а подлогата во матирана обработка. Петлиците се со пречник од 16 и 22 мм.

3. Панталоните имаат вообичаена кројка без манжетни изработени од ткаенина чиј состав е 85% волна и 15% полиестер во темносина боја, од страна на шевот имаат испуст од пурпурно-црвена боја со ширина од 2 мм. Од двете страни и одзади имаат по еден џеб, а однапред од десната страна еден мал џеб и потребен број полугајки за ремен. Средната широчина на долниот дел од ногавиците изнесува 23-24 см.

4. Кошулата е со долги ракави и е изработена од пуплин или друга слична ткаенина во светло-сина боја и е со вообичаен крој. Однапред е порабена, а се запетлува со петлици со пречник од 10 мм со иста боја како и ткаенината од која е изработена истата.

5. Вратоврската е со вообичаен крај и должина во темно-сина боја.

6. Пуловерот е изработен од волнено предиво со вообичаена ширина и должина во сина боја.

7. Ветровката со влошка е од мешавина на памучно синтетичка ткаенина во темно-сина боја и поставена со свилена ткаенина од соодветна боја. Од рамената до висината на градите и преку грбот е зајакната и има влошка која допира до ракавите и истата може да се вади. Ветровката има појас и ќулавка изработена од истата ткаенина и четири обични петлици во еден ред. На левата и десната страна од градите се врежани вертикално поставени џебови со нормална големина кои се затвораат со патент затворач. На долниот дел од двете страни ветровката има по еден длабок џеб со преклоп. Џебовите се широки од 18-27 см, а високи од 24-28 см.

На долниот дел на ракавите се наоѓа појас од истиот материјал, долг 11 см и широк 4 см. кој се запетлува со петлица во иста боја како и ветровката, а на оддалеченост од 6 см е вшиена уште една петлица. Ветровката е со соодветна должина која достигнува височина на колениците. Ветровката има нарамници од иста ткаенина и изработени се така да може на нив да се навлечат нарамениците со ознаките на чиновите. Ширината на нарамениците до ракавите е 60 мм, а при врвот 45 мм.

8. Длабоките чевли-чизми се со вообичаен крој и без украси. Изработени се од говедска напа во црна боја и со висина до потколениците. Гонот е гумиран.

9. Зимските чорапи до колeници се изработени од памучно предиво со вообичаен крој и имаат сина боја.

10. Ременот е изработен од кожа со широчина од 3 см.

На левиот ракав од делот на надлактицата на ветровката, зимската кратката блуза-винdјакната е пришиен меѓународниот струков пожарникарски знак: пожарникарски шлем и две вкрстени секирчиња зад него. Знакот е врамен во заоблен триаголен двоен пораб во кој (низ сите три страни) испишано е “Територијална противпожарна единица“. На горната страна поработ се шири во полукружно испапчување во кое ќе биде аплициран кружен венец со ознака “РМ“ во него. Обележјето е широко 85 мм изработено од пурпурно црвена чоја. Знакот, порабите, венецот, текстот “РМ“ се везени или аплицирани во златно жолта боја.

### 2. Летна униформа

Член 5

Летната униформа на пожарникарите се состои од: капа со стреа (безбол капа), капа -беретка, кратка блуза-винdјакна, панталони, кошула со кратки ракави со нараменици, маица со кратки ракави, плитки чевли и чорапи.

Член 6

Деловите на летната униформа на пожарникарите го имаат следниот крој и боја:

1. Капата со стреа се изработува од ткаенина чиј состав е 55% волна и 45% полиестер и во темно-сина боја. Кројот на капата е “бејзбол капа“, а на предната страна на капата во средина се носи пожарникарска значка со исти обележја како и на капата беретка на пожарникарите.

2. Капата-беретка е изработена од чоја, а кратката блуза-винdјакна и панталоните се изработени од ткаенина чиј состав е 55% волна и 45% полиестер и се со исти крој и боја како кај зимската униформа.

3. Кошулата со кратки ракави е изработена од мешавина на памучно и синтетичко платно во светло сина боја со нашиен и превиткано положен околувратник. Кошулата однапред е порабена, а се запетлува со петлици со пречник од 10 мм од истата боја како и ткаенината од која е изработена кошулата. Кошулата во горниот дел е отворена. На кошулата однапред на градите има два џеба со испуска и преклоп погоден за запетлување. Ширината на џебовите е од 12-14 см, а должината од 14-16 см. Испуската на џебовите е широка од 2,5 - 3 см. Нарамениците на кошулата се од иста ткаенина како и кошулата и изработени се така да може на нив да се навлечат нарамениците со ознаките за чиновите.

4. Маицата со кратки ракави е со стандарден крој, изработена од 100% памук, со тежина 180 гр./м$^2$, а ма-

теријалот е во темно сина боја. Во пределот на градите на левата страна на маицата е апплициран со бела боја меѓународниот струков пожарникарски знак (амблем), намален за 40% од вообичаената големина. На задната страна (на грбот) на маицата има испишано текст во два реда во бела боја: ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА со висина на буквите од 4 см.

5. Плитките чевли се изработени од материјал говедска напа, што не пропушта вода, во црна боја и се со подебел ѓон кој е гумиран од ПВЦ материјал, антистатичен (изолатор на електрична енергија), отпорен на масло и други деривати, отпорен на абење, на лизгање и отпорен на висока и ниска температура. Чевлите се врзуваат со врвца која се протнува низ четири шнира.

6. Чорапите се со оловно сина боја со вообичаена форма и висина и зајакнати на прстите.

На левиот ракав од делот на надлактицата на летната кратката блуза-виндјакната и летната кошула е пришиен меѓународниот струков пожарникарски знак: пожарникарски шлем и две вкрстени секирчиња зад него. Знакот е врамен во заоблен триаголен двоен пораб во кој (низ сите три страни) испишано е “Територијална противпожарна единица“. На горната страна поработ се шири во полукружно испапчување во кое ќе биде аплициран кружен венец со ознака “РМ“ во него. Обележјето е широко 85 мм изработено од пурпурно црвена чоја. Знакот, порабите, венецот, текстот “РМ“ се везени или аплицирани во златно жолта боја.

## III. ВИД НА ЗАШТИТНА ОПРЕМА НА ПОЖАРНИКАРИТЕ

### 1. Лична заштитна опрема на пожарникарите

Член 7

Личната заштитна опрема на пожарникарите се состои од:

- заштитен пожарникарски шлем со визир и заштитник за врат;
- заштитно одело за пожар;
- работен пожарникарски ремен;
- противпожарно секирче со футрола;
- противпожарен клин со футрола;
- заштитна маска со образина и заштитно цедило;
- гумени чизми со зајакнато стапало и зајакнат преден дел за прстите;
- заштитни ракавици;
- заштитни панталони за на шумски пожар и
- теренски чевли за на шумски пожар.

Член 8

Личната заштитна опрема се изработува од материјал кој е отпорен на атмосферски влијанија, на киселини, лужини, на топлина и механички оштетувања, а погоден за носење и работа во услови на пожар, во летен и зимски период.

Член 9

Деловите на личната заштитна опрема го има следниот крој и боја:

1. Заштитното одело за пожар е дводелно (јакна и панталони) Оделото е трислојно изработено од ткаенина NOMEKS во темно сина боја. На долниот дел на панталоните, како и на долниот дел на јакната, на ракавите и во висина на градите и грбот има флуоросцентни ленти ширина од 5 см во сребрена боја. Затворањето на јакната е двоструко со патент и чичак лента. На јакната на долниот дел има два џеба, а во внатрешноста еден.

Панталоните се од NOMEKS, а внатрешниот слој е огноотпорен памук, ламиниран со микропорозни (дишливи и водонепропустливи) мембрани. Топлотната заштита е однапред помеѓу перничиња на колената и на крајот од ногавицата.

Јакната е од надвор со NOMEKS ( антистатик), внатрешен слој огноотпорен, дишлива и водонепропустлива мембрана поставена на негорлива неткаена подлога, топлотна изолација со внатрешна постава од мешавина на огноопторна вискоза со NOMEKS (50/50).

2. Гумените чизми со зајакнато стапало и зајакнат преден дел на прстите, се со стандарден облик и крој, а горниот дел е во висина до колена.

3. Заштитните ракавици се со одвоен палец, а од внатрешната страна се поставени со волнена постава.

4. Заштитните панталони се изработени од NOMEX delta CA ( 93 % Nomex , 5 % Kevlar и 2 % Carbon), 220 g/m$^2$, материјалот е во темно сина боја.

Заштитните панталони се стандарден крој без манжетни, странично на шевот имаат испуст од пурпурноцрвена боја со ширина од 2 мм. На двете страни од предната страна панталоните имаат џебови, а од задната десна страна паналоните имаат надворешно пришиен џеб со димензии : висина 17 см и ширина 14 см, се затвора со капак во облик на плик со димензии: ширина 15 см и висина до шпицот 7 см, а затворањето на овој џеб е со чичак лента.

На ногавиците странично во висина на колената има надворешно пришиени џебови. Долната ивица од џебот е во висина на коленото. Џебовите се со димензии: висина 20 см, ширина 17 см. Џебовиге се затвораат со капак во облик на плик со димезиии: ширина 18 см и висина до шпицот 7 см, а затворањето е со чичак лента и тоа:

- Џебот на левата ногавица се состои од две комори. Едната комора која е отворена по целата површина на џебот, а во внатрешноста од под капакот е пришиена гајка со ширина од 2 см, за приврзување на клучеви која се затвора и отвора на нитна. На џебот има додатна пришиена комора од лево со димензии: ширина 10 см и е по целата висина на џебот, на истата комора има пришиено гајка на 4 см од горната ивица на џебот. Гајката е преклопена со димензии 3 x 3 см, комората лево се отвора и затвора под агол од 90° вертикално 11 см со чичак лента. Овој џеб од десната страна е пришиен без фалта, а додека долната страна и лево има фалта со ширина од 4 см;
- Џебот на десната ногавица е поделен на две еднакви комори со шев од долната ивица во висина од 15 см. На надворешата десна страна на џебот од долната ивица на десната комора има пришиено џеб комора еднакво поделена со шев по целата должина за две пенкала со димензии: висина 14 см и ширина 7 см. Овој џеб од левата страна е пришиен без фалта, а додека долната страна и десно има фалта со ширина од 4 см.

Во висина на подколеницата на двете ногавици по целиот обем има пришиени сребрени рефлектирачки ленти со ширина од 2,5 см.

Панаталоните имаат два реда гајки, поставени една под друга за тесен и широк ремен со ширина 3 см, а висина 4 см, односно 7 см. Панталоните имаат стандарден шлиц кој се затвора со патент. Обемот на панталоните се прилагодува со две чичак ленти поставени над горните џебови кој од внатрешната страна се со засек во висина од 10 см сметано од горната страна на панталоните.

5. Теренски чевли се изработени од материјал говедска напа, со дебелина 1,4 до 1,6 мм, што не пропушта вода и се со црна боја. Имаат вообичаен крој, без украси и се со висина до потколоениците. Ѓонот е гумиран од ПВЦ материјал, кој е антистатичен (изолатор на електрична енергија), отпорен на масло и други деривати, отпорен на абење, на лизгање и отпорен на високи и ниски температури.

### 2. Колективна заштитна опрема на пожарникарите

Член 10

Колективната заштитна опрема на пожарникарите се состои особено од:

- одело за заштита од топлина;
- одело за заштита од агресивни материи;
- високи чизми со зајакнато стапало;
- спасително - пожарникарско јаже;
- апарат за заштита на дишните органи;

- одело за радиолошко-биолошко-хемиска-заштита;
- радиолошки детектор;
- хемиски детектор;
- прибор за деконтаминација и
- друга колективна заштитна опрема.

Член 11

Оделото за заштита од топлина е едноделно или дводелно со заштитна капа, вообичаен крој, а се запетлува со патент затворач или со патент и петлици. На едниот дел на оделото има простор за сместување и заштита на изолациони апарати. Заштитната капа има панорама стакло или две заштитни „очи". Составни делови на оделото се заштитни чизми и ракавици. Заштитното одело, чизмите и ракавиците се изработени од материјал отпорен на топлина и атмосферски влијанија. Заштитните чизми на стапалото имаат метална влошка.

Оделото за заштита од агресивни материи е едноделно, се запетлува со патент затварач, а се изработува од материјал отпорен на агресивни материи и обезбедува највисок степен на заштита.

Високите чизми се гумени со зајакнато стапало, со стандарден облик и крој, а горниот дел е во висина на колковите. Високите чизми се изработуваат од материјал отпорен на топлина и на агресивни материи.

Спасителното пожарникарско јаже е со должина од 25-30 метри, со промер од 12-15 мм, а се изработува со плетење и е издржливо на кинење.

IV.НАЧИН НА ПРОВЕРКА И ИСПИТУВАЊЕ НА ИСПРАВНОСТА НА ЗАШТИТНАТА ОПРЕМА

Член 12

Испитувањето на заштитната опрема се врши најмалку еднаш годишно во согласност со прописите, правилата на техничката пракса и упатствата на производителот што се евидентира во посебна книга за секој дел од опремата.

**1. Заштитна маска со образина и цедило**

Член 13

На заштитната маска со образина визуелно се контролира исправноста на образината, очилата, лентите за затегнување, лентите за носење, издишниот вентил и приклучокот за цедило.

Непропусноста на маската се контролира на посебен уред, а ако со таков не се располага маската се става на лице, се затегнуваат лентите за затегнување и се затвара приклучокот за заштитното цедило.

Заштитните цедила се проверуваат според упатствата на производителот.

**2. Работен пожарникарски ремен**

Член 14

Работниот пожарникарски ремен што се употребува треба предходно да биде статички и динамички проверен.

**3. Спасително пожарникарско јаже**

Член 15

На спасителното пожарникарско јаже се врши проверка на оштетувањата.

Оштетувања, ослабени места, прекинати нишки, јазли и слично се проверуваат визуелно. Јажето се испитува на истегнување со мирно оптеретување од 250 кп, при што дозволено истегнување е од 10% до 14% во зависност од типот на јажето.

**4. Друга лична и колективна заштитна опрема**

Член 16

Проверката на испитувањето на исправноста на заштитниот пожарникарски шлем, заштитното одело за пожар, противпожарното секирче, противпожарниот клин, гумените чизми, заштитните ракавици, заштитните панталони и теренските чевли за на шумски пожари, оделото за заштита од топлина, оделата за заштита од агресивни материи, оделата за радиолошка-биолошка-хемиска заштита, радиолошкиот детектор, хемискиот детектор, приборот за деконтаминација и другата заштитна опрема се врши визуелно при што се утврдува нивната комплетираност, функционалност и механички оштетувања.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите за униформата и ознаките на униформата и заштитната опрема на работниците во територијалните и професионалните противпожарни единици ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/94, 33/98 и 46/01).

Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-265/2
6 февруари 2006 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за заштита и спасување,
**Киро Атанасов,** с.р.

---

**41.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И РОКОВИТЕ ВО КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗВРШИ ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ОПРЕМА ВО ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ЕДИНИЦИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, постапката и роковите во кои треба да се изврши периодичното испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема во противпожарните единици.

Член 2

Периодичното испитување и проверката на исправноста на противпожарната опрема во противпожарните единици се врши еднаш годишно.

Периодично се испитува и проверува сета противпожарна опрема со која располагаат противпожарните единици и тоа: противпожарни возила, автомеханички скали, хидраулични платформи, механички скали на приколка, товарни приколки и колективната опрема.

II. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ОПРЕМА

**1. Противпожарни возила, автомеханички скали, хидраулични платформи, механички скали на приколка и товарни приколки**

Член 3

Техничката исправност во поглед на безбедноста во сообраќајот кај противпожарните возила, автомеханичките скали и хидрауличните платформи се утврдува на техничкиот преглед при регистрација на возилата.

Проверката на исправноста на надградбата (пумпа за вода, резервоар за вода, резервоар за пенило, пумпа

за хидраулично масло, скали, челичните јажиња од скали и др.) се врши според упатствата на производителот.

Механичките скали на приколка и товарните приколки се проверуваат визуелно при што се утврдува исправноста на механизмот за влечење, затегнатоста на завртките на тркалата, истрошеноста на гумите, оштетување на металната носечка конструкција и конструкцијата на скалата, исправноста на челичните јажиња (сајли) и друго.

Проверката на исправноста на механичките скали на приколка се врши според упатството на производителот.

**2. Колективна опрема**

2.1. Изолациони апарати и компресори за полнење на боци од изолациони апарати

Член 4

Периодичното испитување и проверката на исправноста на изолационите апарати за заштита на дишните органи и на компресорите за полнење на боците од изолационите апарати се врши според упатствата на производителот од страна на овластена институција за проверка на садовите под притисок.

2.2. Преносни и превозни моторни пумпи за вода

Член 5

На моторните пумпи визуелно се проверува исправноста на споевите, заптивките (дихтонзи), системот за ладење и подмачкување и другите елементи за функционирање на истата.

Функционално испитување на пумпата се врши со нејзино ставање во погон и при максимално оптоварување на моторот се мери излезниот притисок на водата кој треба да е во границите на пропишаниот притисок даден од производителот.

2.3. Електрични пумпи за вода

Член 6

Кај електричните пумпи се проверува исправноста на заптивките, исправноста на електричните склопки, проводниците за електрична енергија и исправноста на шуко утикачот.

Функционалното испитување на пумпата се врши на истиот начин како и кај моторните пумпи.

2.4. Агрегати за производство на електрична енергија

Член 7

На агретите за производство на електрична енергија визуелно се проверува исправноста на сите склопови и делови, а со нивно ставање во погон се врши функционално испитување при што треба да задоволуваат напонот, јачината и снагата.

2.5. Воздушна перница

Член 8

Воздушната перница се проверува во активна положба со оптоварување на повеќе позиции (на средината и на краевите), со товар од 112,5 кгр. Вреќа со песок со наведената тежина се пушта слободно да паѓа од висина од 15, 18, 21, 24, 27 и 30 метри при што се врши мерење на времето на пропаѓање и времето на полнење на перницата со воздух по отстранување на товарот. Како задоволително време за пропаѓање се смета 5 секунди од испитна висина 15 метри и 2 секунди од испитна висина 30 метри, а времето на полнење треба да изнесува просечно 6 секунди.

2.6. Спусница (отворена, затворена и спирална)

Член 9

На спусниците визуелно се проверува исправноста на платното, јажињата, споевите, ремените, дрвените елементи и другите составни делови.

Проверка на издржливоста на спусниците се врши во активна положба со оптоварување со товар од 112,5 кгр. Вреќа со песок со наведената тежина се пушта по спусницата при што не смее да настанат никакви оштетувања на истата.

2.7. Скали растегачи

Член 10

Скалите растегачи се проверуваат на тој начин што на висина од еден метар во хоризонтална положба краевите на скалите се поставуваат (наслонуваат) на два потпирачи и средината од секој дел на скалата се оптоварува со товар од 80 кгр, а споевите на деловите од скалата се оптоваруваат со товар од 30 кгр.

2.8. Скали составувачи

Член 11

Скалите составувачи се проверуваат на ист начин како и скалите растегачи од член 10 од овој правилник.

2.9. Скали кукачи

Член 12

Скалите кукачи се проверуваат во хоризонтална и во вертикална положба.

Во хоризонтална положба краевите на скалите се поставуваат на два потпирача на висина од еден метар при што средината на скалата се оптоварува со товар од 80 кгр.

Во вертикална положба се проверува секоја пречка со товар од 50 кгр. во траење од 5 минути.

Куките на скалата се проверуваат во висечка положба со рамномерно оптеретување од 150 кгр на три пречки.

2.10. Други скали

Член 13

Скали наслонувачки, скали универзални, морнарски скали и други типови на скали се проверуваат визуелно при што се утврдува да немаат оштетување кои не гарантираат безбедност при работата и при проверката треба да се почитуваат упатствата дадени од производителот на скалите.

2.11. Доводни (всисни) противпожарни црева

Член 14

Кај доводните (всисни) противпожарни црева со пречник од ø-110 мм, ø-75 мм и ø-52 мм визуелно се проверуваат гумениот и платнениот слој од цревото, спојките и заптивките, а со практично повлекување на вода се утврдува нивната функционална исправност.

2.12. Одводни (потисни) противпожарни црева

Член 15

Одводните (потисни) противпожарни црева со пречник од ø-75мм, ø-52 мм, ø-76 мм и ø-38 мм се проверуваат со помош на водна пумпа со постепено оптоварување до постигнување на притисок од 25 бари, а за пп црева со пречник од 110 мм на притисок од 12 бари и истиот притисок се одржува најмалку една минута. Водата за проверка на цревата треба да е со температура од +3 $^0$C до +20 $^0$C, а температурата на воздухот од +5 $^0$C до +20 $^0$C.

2.13. Друга опрема

Член 16

Млазниците, разделниците, собирниците, хидрантските наставци и другата противпожарна опрема се проверува визуелно дали е за понатамошна употреба или не.

Член 17

Периодичното испитување и проверката на исправноста на противпожарната опрема се врши од страна на трочлена комисија која ја сочинуваат командирот на противпожарната единица, а другите два члена се од вработените во противпожарната единица или од противпожарниот сервис до колку го има во истата.

Комисијата од став 1 на овој член за извршеното периодично испитување и проверката на исправноста на противпожарната опрема, изготвува извештај кој содржи:

- време и место на извршување на проверената противпожарна опрема;
- состав на комисијата која ја извршила проверката;
- вид и количина на проверената противпожарна опрема;
- резултат од извршената проверка поединечно за секој вид на противпожарна опрема;
- вид и количини на противпожарна опрема која може да се поправи;
- вид и количина на противпожарна опрема која се отстранува од употреба и
- потписи на членовите на комисијата.

Член 18

Протвипожарната опрема на која е извршено периодичното испитување и проверка на исправноста се обележува со соодветна видлива ознака, а при тоа се впишува годината на проверката.

Член 19

Проверената противпожарна опрема која поради оштетувања или изминат рок на траење се отстранува од употреба и на видно место се обележува со зборовите:„ЗАБРАНЕТА УПОТРЕБА“.

Опремата од став 1 на овој член не се чува во противпожарните возила или во просториите во кои се чува исправна противпожарна опрема и во најкус рок се отстранува од противпожарната единица.

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 20

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-265/3 | Директор на Дирекцијата |
| 6 февруари 2006 година | за заштита и спасување, |
| Скопје | **Киро Атанасов,** с.р. |

---

**42.**

Врз основа на член 7 ставови 2 и 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА НА СЕЗОНСКИТЕ ПОЖАРНИКАРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува Програмата за обука на сезонските пожарникари и начинот на спроведување на обуката на сезонските пожарникари.

Член 2

Обуката се спроведува во територијалните противпожарни единици во кои се ангажирани сезонските пожарникари, според Програмата за обука на сезонските пожарникари, која е составен дел на овој правилник.

Обуката ја спроведуваат раководителите на територијалните противпожарни единици, стручни лица од Дирекцијата за заштита и спасување и општината, како и од надворешни експерти за противпожарна заштита.

Обуката трае 15 работни денови непрекинато.

Член 3

Обуката на сезонските пожарникари се состои од теоретски и практичен дел.

Во теоретскиот дел се изучува: организација на службата за заштита од пожари, противпожарна превентива, противпожарна тактика, противпожарни справи и опрема и прва медицинска помош.

Практичниот дел се состои од изведување на противпожарни вежби со опремата и средствата за гаснење на пожари со кои располагаат противпожарните единици.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-265/4 | Директор на Дирекцијата |
| 6 февруари 2006 година | за заштита и спасување, |
| Скопје | **Киро Атанасов,** с.р. |

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОБУКА НА СЕЗОНСКИТЕ ПОЖАРНИКАРИ

Обуката на сезонските пожарникари ќе се изврши со опфатеност на следните области:

| | |
|---|---|
| I. Организација на службата за заштита од пожари | -5 часа; |
| II. Противпожарна превентива | 15 часа; |
| III. Противпожарна тактика | -15 часа; |
| IV. Противпожарни справи и опрема | -20 часа; |
| V. Противпожарни вежби | -30 часа; |
| VI. Прва помош | -5 часа. |

I. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЛУЖБАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

1) Поим, содржина, место и улога, значење на заштитата од пожари во Република Македонија

2) Законско уредување на материјата од областа на заштитата од пожари во Република Македонија

3) Права и обврски на работниците во Територијалните противпожарни единици и

4) Надзор над работата во Територијалните противпожарни единици.

II. ПРОТИВПОЖАРНА ПРЕВЕНТИВА

1. Основи на процесот на горењето:

а) Топлина и

б) Палење и согорување;

2. Експлозии;

3. Причини за пожар;

4. Општи мерки за превентивна заштита од пожар:

а) градежни мерки на заштита и

б) уреди, инсталации и технички мерки на заштита;

5. Хемиска индустрија - општи опасности и мерки на заштита;

6. Дрвна индустрија - општи опасности и мерки на заштита;

7. Текстилна индустрија - општи опасности и мерки на заштита;

8. Прехранбена индустрија - општи опасности и мерки на заштита;

9. Металопреработувачка индустрија - општи опасности и мерки на заштита;

10. Индустрија за гума и кожа - општи опасности и мерки на заштита;

11. Сообраќај и друго - општи опасности и мерки на заштита;

12. Складишта;

13. Објекти за живеење, јавни објекти, угостителски и други објекти - општи опасности и мерки за заштита;
14. Заштита во радиоактивна средина и
15. Програмска единица-отворени простори:
а. Дефинирање на поимот отворен простор:
- што е шума, видови, намена, поделба;
- земјоделски земјишта и нивна поделба;
- депонии;
- останато и
- општи опасности и мерки на заштита.
б. Горливи вегетациски материјали:
-типови на вегетациски горлив материјал;
-физичко-хемиски карактеристики;
-хоризонтално и вертикално распространување и
- модели на вегетациски горлив материјал.
в. Услови кои погодуваат на ширењето и однесувањето на пожарите на отворен простор:
- содржина на влага во вегетацискиот горлив материјал;
- климатски услови;
- орографија;
- наклон на теренот;
- надморска височина и
- експозиција.

III. ПРОТИВПОЖАРНА ТАКТИКА
1. Пожар - дефиниција
2. Фази на развој кај пожарот
3. Поделба на пожарите според местото на настанување
4. Класификација на пожарите според нивниот обем и големина
5. Системи за предвидување на однесувањето на пожарите на отворени простори
6. Класи на пожари
7. Основи на прекинување на процесот на горењето-гаснење
8. Гаснење и методи на гаснење на пожарите на отворени простори (директна, индиректна, комбинирана)
9. Средства за гаснење на пожарите
10. Гаснење на пожари на различни материи
11. Начини на гаснење на пожарите
12. Основни пожарникарски правила
13. Основни сигурносни правила
14. Основни подготовки за тактички настап за гаснење
15. Основни тактички дејства при интервенции на гаснење на пожар
16. Гаснење на пожари во отежнати услови за работа
17. Опасности кои можат да се појават пред, за и после гаснењето на пожарот
18. Гаснење пожари на објекти и
19. Гаснење на пожари на отворен простор:
а) Гаснење на шумски пожари (видови и карактеристики)
- подземни пожари
- површински пожари
- крошнести пожари
- комбинирани.
б) Гаснење на пожари на земјоделски површини
- житарици
- стрништа
- други земјоделски производи
- треви.

IV. ПРОТИВПОЖАРНИ СПРАВИ И ОПРЕМА
1. Поделба на противпожарната опрема:
а) Лична противпожарна опрема:
- облека, обувки, противпожарен шлем, работен колан, заштитна маска, противпожарно секирче и противпожарен клин.
б) Заедничка противпожарна опрема:
1. Заштитна опрема:
- работни заштитни одела и обувки;
- апарати за заштита на дишните органи и
- апарати и направи за контрола на исправноста на противпожарната опрема.
2. Уреди,направи и опрема за гаснење:
- прирачни средства за гаснење;
- рачни преносни и превозни противпожарни апарати за гаснење;
- противпожарни пумпи;
- противпожарни возила и приколки (командно, навално, автоцистерна, комбинирани, комби возила, автомеханички скали, возила со платформа, хемиски возила, возила со прав за гаснење, технички возила, возила со заштитна опрема, возила со резервна опрема, возила за гаснење на шумски пожари и други возила);
- противпожарни црева (поделба, ознаки, димензии, употреба, одржување);
- противпожирна арматура (млазници, разделници, собирници, ситка за повлекување на вода, хидрантски продолжеток);
- противпожарни спојки (поделба, ознаки, димензии, намена, делови);
- опрема за добивање на пена (самомешалка, предмешалка, меѓумешалка, дозатори за пена, комет млазница, млазници за тешка, средна и лесна пена, монитори за пена, пеногенератори);
- противпожарни скали (потпирачки, составувачки, универзални, кукачи, растегливи - дводелни и троделни, механички, морнарски, скали за работа на покриви, скали на приколка и др).
- опрема за спасување;
- технички алат и опрема;
- опрема за осветлување;
- опрема за венталација;
- оџачарска опрема;
- електричарски алат и опрема;
- опрема за врски;
- опрема за детекција;
- стабилни инсталации за гаснење на пожарите;
- автоматски системи за откривање и јавување;
- воздухоплови за гаснење на пожарите и
- друга опрема.
3. Справи и опрема кои се користат при гаснење на пожари на отворен простор:
- противпожарни цистерни;
- специјални возила за гаснење на шумски пожари;
- трактори, булдожери, ровокопачи и друга механизација;
- товарни приколки;
- авиони и хеликоптери;
- моторни пумпи за вода;
- противпожарни црева и млазници;
- грбни пумпи (напртначи);
- моторни пили за сечење дрва;
- рачни пили за сечење дрва;
- челични метли;
- секири, лопати, копачи, противпожарни грибла и мотики;
- рачни ламби за осветлување;
- рачни радиостаници и
- друго.

V. ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ
1. Работа со противпожарни црева
2. Вежби со противпожарни пумпи
3. Вежби со противпожарни возила (пуштање на млаз вода, млаз пена, употреба на монитор и др.)
4. Вежба со хидранти (подземни, надземни и ѕидни)
5. Вежби со противпожарни скали
6. Вежби со опрема за спасување
7. Вежби со технички алат и опрема
8. Практична употреба на заштитни одела, обувки, заштитна маска, изолациони апарати и друго

9. Вежби со грбни пумпи (напртњачи) и друг приручен алат кој се користи при гаснење на шумски пожар.

Вежбите ќе се изведуваат според Вежбовникот за обука на пожарникарите во територијалните противпожарни единици, така што ќе се изведат сите вежби со опремата и средствата за гаснење со кои располага територијалната противпожарна единица.

VI. ПРВА ПОМОШ

1. Укажување на прва помош на настрадани лица во пожарите

2. Основни поими за составот и функциите на човечкото тело

3. Утврдување на состојбата на повреденото лице и постапката на лицето што укажува прва помош

4. Средства и материјали за укажување на прва помош

5. Давање на вештачко дишење и масажа на срце

6. Прва помош при крварење и искрвавеност

7. Механички повреди (рани, кршеници на коски, зглобови и укажување прва помош)

8. Имобилизација (со стандардни и приручни средства)

9. Термички повреди и прва помош

10. Хемиски повреди и труење

11. Повреди од струен удар и укажување прва помош

12. Прва помош при повреди na поедини поважни делови на телото (повреди на глава, вратот, градниот кош, стомакот, повреди на карлицата)

13. Прва помош при каснување од змии и инсекти

14. Поважни преврски

15. Транспортирање и пренесување на повредени лица.

---

**43.**

Врз основа на член 25 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04 и 49/04), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ШТАБОВИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Со ова упатство се утврдува начинот на работа и одлучување на Регионалните штабови за заштита и спасување (во натамошниот текст: Штабови).

Член 2

Штабовите во остварувањето на задачите применуваат методи на работа кои опфаќаат: прибирање и обработка на податоци, проценка на настанатите состојби, донесување одлуки, пренесување на одлуката и издавање на наредби.

Член 3

Штабовите за настанатата состојба се запознаваат од различни извори и на различни начини и тоа од штабовите за заштита и спасување на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби, и со личен увид на настанатата состојба.

Известувањата за состојбата, Штабовите можат да ги добијат усмено или писмено, и истите мораат да бидат точни, разбирливи и на време доставени.

Член 4

Собирањето на податоците за последиците се врши за потребите на Штабовите преку набљудување и извидување.

Набљудувањето како начин на собирање на податоците, го организираат единиците за заштита и спасување, а го изведуваат набљудувачи од набљудувачки места и на друг начин.

Извидувањето го организираат и извидуваат извидувачки патроли, формирани од припадниците на единиците за заштита и спасување.

Член 5

За потребите на Штабовите се врши проценка на настанатата состојба која опфаќа:

- утврдување на состојбата на територијата во однос на причините и последиците по местото, времето и бројот на повредените, загинатите, урнатите објекти, контаминираните реони, затрупани и попречени улици и премини, уништување на сточен фонд и земјоделски култури,
- можностите на сопствените сили за заштита и спасување и сите други сили и средства, кои треба и можат да се ангажираат на отстранување на последиците и
- предлог за надминување на настанатите состојби.

Член 6

Штабовите во донесувањето на одлуки за раководење со силите за заштита и спасување во текот на отстранувањето на настанатите последици применуваат методи на работа кои опфаќаат: извидување, времето на траењето и содржината на работата.

Член 7

Облиците на работа на Штабовите при донесување на одлуките се потполн, скратен и директен метод.

Потполн метод на работа на Штабовите на донесување на одлука се применува во услови кога има доволно време и кога членовите на штабот се оспособени за самостојна работа.

Скратен метод на работа на Штабовите на донесување на одлука, се применува во услови на ограничено време, кога е потребно брзо донесување одлука и кога состојбата на настанатите последици е позната.

Директен метод на работа на Штабовите на донесување на одлука се применува без консултации на членовите на Штабот, во услови кога е потребно одлуката да се донесе брзо и кога нема време за консултации.

Член 8

Одлуките на Штабовите можат да се пренесуваат усмено или писмено во вид на наредби за извршување на задачите на командите и командирите на единиците за заштита и спасување. Наредбите од страна на командантите на Штабовите може да се издаваат усмено или писмено и треба да се концепираат и издаваат по логичен редослед и разбирлив стил.

При извршувањето на наредбите присуствуваат членовите на Штабовите кои непосредно влијаат врз успешно извршување на поставените цели и задачи.

Член 9

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-160/3
3 февруари 2006 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за заштита и спасување,
**Киро Атанасов,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

**44.**

Врз основа на член 78, ставови (5) и (6), член 79, став (2) и член 79-а, став (4) од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004 и 81/2005), директорот на Агенцијата за државни службеници донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се уредуваат начинот и постапката за оценување на државните службеници, содржината на извештаите и образецот за оценување на државните службеници.

Член 2

Оценувањето на работата на државниот службеник се врши со цел да се добие реална слика за стручноста, квалитетот, ефикасноста и ефективноста во извршувањето на службените задачи, односно остварувањето на поставените работни цели.

Член 3

Оценувањето на државниот службеник се врши врз основа на податоците за резултатите од работата и личните квалитети, имајќи ги во предвид податоците за обуките, наградите, дисциплинските мерки и отсуствата во претходната година.

Член 4

Оценувањето на резултатите од работата, се врши врз основа на следните критериуми: познавање и примена на прописите и практиките, остварување на работните цели, навремено извршување на работата, квалитетно извршување на работата и организирање на работата.

Член 5

Оценувањето на личните квалитети, се врши врз основа на следните критериуми: креативност, иницијативност и заинтересираност за работата, способност за тимска работа, способност за работа под притисок и комуникациски вештини.

Член 6

(1) Податоците добиени врз основа на критериумите наведени во членовите 4 и 5 од овој правилник, се внесуваат во образецот за оценување на државен службеник.

(2) Образецот за оценување на државен службеник содржи: штембил на органот во кој е вработен државниот службеник со архивски број и датум; основни податоци за државниот службеник (име и презиме, датум и место на раѓање, ЕМБГ, степен и вид на образование, работно место, звање, работно искуство и датум од кога државниот службеник е на работното место за кое се оценува); податоци за работните цели на државниот службеник за претходната година (краток опис на работните цели, три најважни работни цели кои требало да ги постигне претходната годината, шест најважни основни работни активности за претходната година); други податоци за претходната година (за извршените работи на државниот службеник, за обуката која ја посетувал, за наградите кои ги добил, за дисциплинските мерки кои му биле изречени, за отсуствата кои ги имал); податоци за оценката, табела со: критериуми за оценување на државниот службеник утврдени во член 4 и 5 од овој правилник, оценка, коментари во прилог на дадената оценка; конечна оценка (нумеричка и дескриптивна); работни цели на државниот службеник за наредната година (краток опис на работните цели, три најважни работни цели кои треба да ги постигне наредната година, шест најважни основни работни активности за наредната година); коментари (на оценувачот и на оценуваниот); потписи на оценувачот и оценуваниот и печат на органот.

(3) Образецот за оценување е достапен на оценуваниот, оценувачот, организациониот облик за човечки ресурси, Комисијата за преиспитување на оценката, како и на Агенцијата за државни службеници при решавање на жалбите по основ на оценувањето.

(4) Образецот за оценување на државен службеник е составен дел на овој правилник.

Член 7

Државниот службеник се оценува со оценка „се истакнува", кога службените задачи ги извршува професионално, стручно, пред планираниот рок, со висок квалитет и резултати во работењето, кои се над очекувањата или кои не биле планирани.

Член 8

Државниот службеник се оценува со оценка „задоволува", кога службените задачи ги извршува професионално, ефикасно и според планираната динамика, со квалитет и резултати кои се очекувани.

Член 9

Државниот службеник се оценува со оценка „делумно задоволува", кога службените задачи ги извршува делумно и не секогаш ефикасно и според планираната динамика, со квалитет и резултати кои се под очекуваните.

Член 10

Државниот службеник се оценува со оценка „не задоволува", кога службените задачи ги извршува ограничено, нецелосно, непрофесионално и неефикасно, што доведува до нарушување на постигнувањето на органот во целина, негативно влијае на колективот, покажува непочитување кон колегите и претпоставените.

Член 11

Конечната оценка на државниот службеник се формира како средна оценка од поединечните оценки за постигнувањата во однос на секој од критериумите опфатени во членовите 4 и 5 од овој правилник, искажани нумерички од (1) до (4), при што (4) е највисока и одговара на дескриптивната оценка „се истакнува":

- државниот службеник се стекнува со оценка „се истакнува" доколку постигнал просечна оценка над 3,5
- државниот службеник се стекнува со оценка „задоволува" доколку постигнал просечна оценка од 2,5 - 3,5
- државниот службеник се стекнува со оценка „делумно задоволува" доколку постигнал просечна оценка 1,5 - 2,5
- државниот службеник се стекнува со оценка „не задоволува" доколку постигнал просечна оценка под 1,5.

Член 12

Оценувањето се врши на објективен и непристрасен начин, без влијание и притисок од непосредно претпоставените раководни државни службеници врз оценувачот.

Член 13

(1) Оценувањето е континуиран процес во текот на годината, кој опфаќа:

- утврдување на работни цели и активности,
- следење и прибирање на податоци за работењето на државниот службеник,

- давање инструкции и совети за подобрување на работењето и
- интервју со државниот службеник.

(2) Оценувањето е процес од доверлив карактер.

Член 14

(1) Оценувачот, во текот на годината, постојано ја следи работата на државниот службеник и прибира податоци што се од суштествено значење за оценувањето.

(2) Следењето и прибирањето на податоци подразбира проверка и евидентирање на квалитетот и квантитетот во остварувањето на работните задачи.

(3) При следењето на работата, оценувачот постојано го мотивира државниот службеник и му дава инструкции и совети за подобрување на работењето, му укажува на конкретни детали во работата, на постапки што водат кон успешно работење и на недостатоците во неговото работење.

Член 15

(1) Поглавјата I, II, и III од образецот за оценување, ги пополнува оценуваниот, пред одржувањето на интервјуто.

(2) Поглавјето IV од образецот за оценување, го пополнува оценувачот, за време на интервјуто, при што се земаат во предвид постигнатите резултати во работењето и личните квалитети на државниот службеник за претходната година.

(3) Поглавјето V од образецот за оценување, го пополнува оценуваниот, во договор со оценувачот, за време на интервјуто, врз основа на предлог кој го подготвил, земајќи ги во предвид описот на работното место и Програмата за работа на органот.

(4) Оценувачот, дадената оценка, ја образложува и поткрепува со податоци од следењето на работата на оценуваниот, кој може да даде свои коментари на дадената оценка.

(5) Поглавјето VI од образецот за оценување, се пополнува од оценуваниот и оценувачот, за време на интервјуто, по што двајцата го потпишуваат образецот за оценување.

(6) Образецот за оценување се чува во работното досие на државниот службеник, кој добива копија од образецот.

Член 16

За постигнување на конзистентност во постапката за оценување на државниот службеник, раководителот на организациониот облик за човечки ресурси, односно на друг соодветен организационен облик во органот, во текот на годината одржува консултации со оценувачите и дава инструкции во функција на законито и транспарентно спроведување на постапката за оценување.

Член 17

(1) По завршеното оценување, органите доставуваат извештај за резултатите од оценувањето, потпишан од функционерот кој раководи со органот, до Агенцијата за државни службеници.

(2) Доколку настапат промени во оценките, како резултат на одлучувањето на Комисијата за преиспитување на оценката, органот до Агенцијата за државни службеници доставува дополнување на извештајот.

(3) Извештајот за извршените оценувања претставува квалитативна и квантитативна анализа на процесот на оценување на државните службеници.

(4) Образецот за извештајот од ставот 1 на овој член содржи: штембил на органот во кој се вработени државните службеници со архивски број и датум, податоци за бројот и процентот на оценети и неоценети државни службеници, причините за неоценетост, податоци за бројот и процентот на поединечни оценки, искажани по звања и групи на звања, податоци за евентуалните потешкотии во оценувањето и предлози за нивно отстранување, податоци за бројот и процентот на доставени приговори до Комисијата за преиспитување на оценката и број на прифатени приговори, други коментари, како и табеларен приказ на извршените оценувања на државните службеници (реден број, име и презиме, ЕМБГ, работно место, звање и оценка (нумеричка и дескриптивна)), потпис на функционерот кој раководи со органот и печат.

(5) Образецот од ставот (2) на овој член е составен дел на овој правилник.

Член 18

(1) Извештајот од член 78 став (3) на Законот за државните службеници претставува извештај за оценување на државниот службеник за периодот од годината за која се оценува, пред неговото вработување во друг орган или негово распоредување на друго работно место во истиот орган.

(2) Образецот за извештајот од ставот 1 на овој член содржи: штембил на органот во кој е вработен државниот службеник со архивски број и датум; име и презиме; ЕМБГ; степен и вид на образование; работно место, звање; датум од кога државниот службеник е на работното место за кое се оценува; податоци за оценката, табела со: критериуми за оценување на државниот службеник утврдени во член 4 и 5 од овој правилник, оценка, коментари во прилог на дадената оценка, конечна оценка (нумеричка и дескриптивна); коментари за оценката, потпис на оценувачот и оценуваниот и печат на органот.

(3) Образецот од ставот (2) на овој член е составен дел на овој правилник.

Член 19

(1) Извештајот од член 78 став (4) на Законот за државните службеници претставува извештај за оценување на државните службеници за периодот од годината за која се оценуваат, од непосредно претпоставениот раководен службеник кој го променил работното место или му престанало вработувањето.

(2) Образецот за извештајот од ставот 1 на овој член содржи: штембил на органот во кој е вработен државниот службеник со архивски број и датум, основни податоци за државниот службеник(име и презиме; ЕМБГ; степен и вид на образование; работно место, звање, датум од кога државниот службеник е на работното место за кое се оценува; податоци за оценката, табела со: критериуми за оценување на државниот службеник утврдени во член 4 и 5 од овој правилник, оценка, коментари во прилог на дадената оценка; конечна оценка (нумеричка и дескриптивна) коментари за оценката, потпис на оценувачот и оценуваниот, табеларен приказ на извршените оценувања и печат на органот.

(3) Образецот од ставот (2) на овој член е составен дел на овој правилник.

Член 20

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на оценување на државните службеници број 07-2159/1 од 25 јуни 2004 година, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 42/2004 и Правилникот за изменување на Правилникот за начинот и постапката за оценување на државните службеници број 07-3227/1 од 4 октомври 2004 година, објавен во „Службен весник на Република Македонија “ број 68/2004.

Член 21

Постапката за оценување на државните службеници за 2005 година се спроведува согласно одредбите на овој правилник.

Член 22

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1790/1 Агенција за државни службеници
14 февруари 2006 година Директор,
Скопје **Александар Гештаковски**, с.р.

_____________________

(штембил на органот)

**ОБРАЗЕЦ**
**ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ДРЖАВЕН СЛУЖБЕНИК**

**I. Основни податоци**

1. Име и презиме _____
2. Датум и место на раѓање _____
3. ЕМБГ _____
4. Степен и вид на образование _____
5. Работно место _____
6. Звање _____
7. Работно искуство _____
8. Датум од кога е на работното место за кое се оценува _____

**II. Податоци за работни цели**

9. Краток опис на работните цели на државниот службеник за претходната година

____________

10. Наведете ги трите најважни работни цели кои државниот службеник требало да ги постигне претходната годината

– _____;

– _____ и

– _____.

11. Наведете ги шестте најважни основни работни активности на државниот службеник за претходната година

– _____;

– _____;

– _____;

– _____;

– _____ и

– _____.

**III. Други податоци**

12. Податоци за извршените работи на државниот службеник за претходната година

13. Обука која ја посетувал државниот службеник во претходната година

14. Наградите кои ги добил државниот службеник во претходната година

15. Дисциплински мерки кои му се изречени на државниот службеник во претходната година

16. Отсуства кои ги имал државниот службеник во претходната година

**IV. Податоци за оценката**

17. Критериуми за оценување на државниот службеник

| Критериуми за оценување | Оценка (1) - (4) | Коментари во прилог на дадената оценка |
|---|---|---|
| **1. Резултати од работата** | | |
| • познавање и примена на прописите и практиките | | |
| • остварување на работните цели | | |
| • навремено извршување на работата | | |
| • квалитетно извршување на работата | | |
| • организирање на работата | | |

| Критериуми за оценување | Оценка (1) - (4) | Коментари во прилог на дадената оценка |
|---|---|---|
| **2. Лични квалитети** | | |
| • креативност, иницијативност и заинтересираност за работата | | |
| • способност за тимска работа | | |
| • способност за работа под притисок | | |
| • комуникациски вештини | | |

18. Конечна оценка (нумеричка и дескриптивна) __________

**V. Работни цели на државниот службеник за наредната година**

19. Краток опис на работните цели на државниот службеник за наредната година

– _____

20. Наведете ги трите најважни работни цели кои државниот службеник треба да ги постигне наредната година

– _____;

– _____ и

– _____.

21. Наведете ги шестте најважни основни работни активности на државниот службеник за наредната годината

– _____;

– _____;

– _____;

– _____;

– _____ и

– _____.

**VI. Коментари**

22. Коментар на оценувачот

_____

_____

_____

_____

_____

23. Коментар на оценуваниот

ОЦЕНУВАЧ ______________________

ОЦЕНУВАН ______________________

(М.П.)

____________________
(штембил на органот)

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

**за __________ година**

1. Податоци за бројот и процентот на оценети и неоценети државни службеници

2. Причини за неоценетост

3. Податоци за бројот и процентот на поединечни оценки искажани по звања и групи на звања

4. Податоци за евентуалните потешкотии во оценувањето и предлози за нивно отстранување

5. Податоци за бројот и процентот на доставени приговори до Комисијата за преиспитување на оценката и број на прифатени приговори

6. Други коментари

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

7. Табеларен приказ на извршените оценувања на државните службеници

| Реден број | Име и презиме | ЕМБГ | Работно место | Звање | Оценка | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | нумеричка | дескриптивна |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |
| 7. | | | | | | |
| 8. | | | | | | |
| 9. | | | | | | |
| 10. | | | | | | |

_______________________

ПОТПИС НА ФУНКЦИОНЕРОТ
(М.П.)

(штембил на органот)

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ДРЖАВЕН СЛУЖБЕНИК**
**кој во текот на годината се вработил во друг орган**
**или е распореден на друго работно место во органот**

**за период____________________**

**I. Основни податоци**

1. Име и презиме _____
2. ЕМБГ _____
3. Степен и вид на образование _____
4. Работно место _____
5. Звање _____
6. Датум од кога е на работното место за кое се оценува _____

**II. Оценка**

7. Критериуми за оценување на државниот службеник

| Критериуми за оценување | Оценка (1) - (4) | Коментари во прилог на дадената оценка |
|---|---|---|
| **1. Резултати од работата** | | |
| • познавање и примена на прописите и практиките | | |
| • остварување на работните цели | | |
| • навремено извршување на работата | | |
| • квалитетно извршување на работата | | |
| • организирање на работата | | |

| **2. Лични квалитети** | | |
|---|---|---|
| • креативност, иницијативност и заинтересираност за работата | | |
| • способност за тимска работа | | |
| • способност за работа под притисок | | |
| • комуникациски вештини | | |

8. Конечна оценка (нумеричка и дескриптивна) __________

**III. Коментари**

9. Коментар на оценувачот

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

10. Коментар на оценуваниот

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

ОЦЕНУВАЧ ____________________

ОЦЕНУВАН ____________________

(м.п.)

(штембил на органот)

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**
**од непосредно претпоставен раководен службеник кој го променил работното место или му престанало вработувањето**

**за период___________________**

**I. Основни податоци**

1. Име и презиме _____
2. ЕМБГ _____
3. Степен и вид на образование _____
4. Работно место _____
5. Звање _____
6. Датум од кога е на работното место за кое се оценува _____

**II. Податоци за оценката**

7. Критериуми за оценување

| Критериуми за оценување | Оценка (1) - (4) | Коментари во прилог на дадената оценка |
|---|---|---|
| **1. Резултати од работата** | | |
| • познавање и примена на прописите и практиките | | |
| • остварување на работните цели | | |
| • навремено извршување на работата | | |
| • квалитетно извршување на работата | | |
| • организирање на работата | | |

| **2. Лични квалитети** | | |
|---|---|---|
| • креативност, иницијативност и заинтересираност за работата | | |
| • способност за тимска работа | | |
| • способност за работа под притисок | | |
| • комуникациски вештини | | |

8. Конечна оценка (нумеричка и дескриптивна) __________

**III. Коментари**

9. Коментар на оценувачот

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

10. Коментар на оценуваниот

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

ОЦЕНУВАЧ ____________________

ОЦЕНУВАН ____________________

11. Табеларен приказ на извршените оценувања на државните службеници

| Реден број | Име и презиме | ЕМБГ | Работно место | Звање | Оценка | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | нумеричка | дескриптивна |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| xxx. | | | | | | |

(М.П.)

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Збирки на прописи од обласа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 900.00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | 600.00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 700.00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 500.00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од обласа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 2100.00 |
| 2 | **Збирка на прописи (редакциска)** *(Законите за: градење; за просторно и урбанистичко планирање; за животната средина), 2005* | 700.00 |
| 3 | **Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004* | 800.00 |
| 4 | **Закон за јавните набавки,** *2004 (со подзаконските акти)* | 200.00 |
| 5 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 900.00 |
| 6 | **Кривичен законик** *од проф. д-р Методија Камчев (со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | 700.00 |
| 7 | **Збирка на меѓународни конвенции од обласа на кривичното право ,** *2000* | 150.00 |
| 8 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 600.00 |
| 9 | **Закон за работните односи** (редакциска збирка, 2005) | 660.00 |
| 10 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 300.00 |
| 11 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвенции Д-р J. Проевски (со објаснувања), 2002* | 250.00 |
| 12 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 250.00 |
| 13 | **Збирка на прописи од обласа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев, М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 200.00 |
| 14 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски јазик (тврд повез) 12 x 8 см | 150.00 |
| 15 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 4000.00 |
| 16 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 1000.00 |
| 17 | **Регистар на прописи на РМ** | 3700.00 |
| 18 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес. www.slvesnik.com.mk** | |

# П О Р А Ч К А Бр. 19

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ____________________________________________

**Место:** _________, **ул.** ___________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2006 година. (М.П.)** ____________________

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ




**1. База на прописи** на целата важечка законска и подзаконска регулатива од 1945 година до денес (околу 9000 прописи, распоредени во 22 области и преку 64 подобласти), како и тековното издавање на службениот весник во дигитална форма.

**- За период од 12 месеци, за претплатниците на печатеното издание „Службен весник на РМ“:**

а) **за над десет** претплатнички акаунти........................**4.880,00** денари по акаунт;
б) **од шест до десет** претплатнички акаунти......................**6.588,00** денари по акаунт;
в) **од еден до пет** претплатнички акаунти......................**8.540,00** денари по акаунт.

**- За период од 12 месеци, за оние кои не се претплатници на печатеното издание „Службен весник на РМ“:**

а) **за над десет** претплатнички акаунти......................**9.760,00** денари по акаунт;
б) **од шест до десет** претплатнички акаунти....................**10.980,00** денари по акаунт;
в) **од еден до пет** претплатнички акаунти....................**12.200,00** денари по акаунт.

**- За период од 1 месец - 1.400,00 денари по претплатнички акаунт.**



**2. CD-ROM изданија**

**1) Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година**................................**4000,00 денари**

**2) Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година**.....................**1000,00 денари**




**3. Регистарот на прописи на РМ** е единствено комплетно издание во Републиката на сите прописи, со најбрзо-двомесечно тековно ажурирање и овозможува брзо и лесно пребарување по азбучен и предметен регистар на законската и подзаконската регулатива. При секое ажурирање претплатниците добиваат гратис додаток на збирка актуелни прописи.

Секој нов претплатник со основната влошка добива и **гратис** класер-кутија.

**Цена**.......................................................**3.700,00 денари.**

**Цените се со пресметан ДДВ.**


## П О Р А Ч К А

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број:

**1.** Во _________________________ акаунти;

**2.** Комплет во _________________ примероци (2001 _____; 2002 _____; 2003 _____; 2004 _____ и 2005 _____ примероци);

**3.** Во _________________________ примероци.

Доказот за извршена уплата и порачката ги испраќаме по пошта.

**Порачател:** ____________________________________________________________

**Место:** __________, **ул.** ______________________, **бр.** ______, **тел./факс** ______________

**Моб.** ___________________

**Потпис на порачателот**

**Во** __________, ________**2006 година.** **(М.П.)** ______________________


www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефон: +389-2-3298-860.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2006019